До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| | |
|---|---|
| **Назив** | **Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - ИЗИИС, Скопје** |
| **Седиште** | ул. Тодор Александров, бр. 165, Скопје |
| **Контакт информации** | Телефон: 02 3107 701<br>Емаил: institut@iziis.ukim.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | Проф. Д-р Игор Ѓорѓиев, Директор<br>Емаил: igorgj@iziis.ukim.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | **/** |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | 2023-2024 год. |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | бр. 09-1484/1 од 18.09.2020г |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | |

Место, датум ,Скопје МП овластено лице на установата

(потпис)

## Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

| |
|---|
| Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ** (Word, PDF **и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).* |

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | Република Северна Македонија,<br>Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,<br>Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија - ИЗИИС, Скопје |
| Седиште | ул. Тодор Александров, бр. 165, Скопје |
| Веб страница | http://www.iziis.ukim.edu.mk/mk/ |
| Мисија и визија на установата | Мисија: Од своето основање во 1965 година, дејностите на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) се во насока на намалување на ризиците од катастрофи односно заштитата на населението и добрата, намалување на физичките и економските штети и заштита на социо-економските системи од дејството на земјотресите, но и од другите природни опасности. Сите активности на ИЗИИС се во доменот на подготовка на системот, припрема на конзистентна легислатива, создавање на високо професионални човечки ресурси и градење на капацитети за сеизмички сигурно општество.<br><br>Визија: Дејноста на ИЗИИС и во иднина во континуитет ќе биде посветена на намалувањето на ризиците од природни катастрофи, преку заштита на човечките животи и материјалните добра и намалувањето на можните штети на општествено-економските системи предизвикани од дејството на земјотреси и други катастрофи, а со единствена цел - придонес кон градење на сеизмички сигурно општество и едуцирање на магистри и доктори на наука кои ќе бидат лидери во областа на земјотресното инженерство. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа) | Вид: Јавна<br>Матичен број: 6462812<br>Шифра на дејност: 72.19 (Други истражувања и експериментален развој во природните, техничките и технолошките науки) |
| Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии | Студиска програма на втор циклус на студии<br><br>Решение за акредитација на студиската програма Земјотресно инженерство (2г.) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-82/8 од 30.08.2023г., линк.<br><br>Студиска програма на трет циклус на студии<br><br>Решение за акредитација на студиската програма Земјотресно инженерство (3г.) од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, бр. 08-81/4 од 15.05.2023г., линк.<br><br>Решение за почеток со работа на студиската програма Земјотресно инженерство (3г.) од Влада на РС Македонија, бр. 41-11934/5 од 12.12.2023г., линк. |
| Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна | Број на наставно - научен кадар (јули 2024): 31<br>- 10 редовни професори,<br>- 5 вонредни професори, |

| | |
|---|---|
| дејност | - 3 доценти и<br>- 13 соработници (асистенти) |
| Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии | 2023/2024<br><br>Втор циклус: 19<br>Трет циклус: 4 |
| Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница) | Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (првично Институт за општа и инженерска сеизмологија) е формиран во рамките на Универзитетот во Скопје, денешен Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје на 27 мај 1965 година со одлука на Универзитетскиот Совет (Одлука бр. 01-2/1) и по препорака на Меѓународниот консултативен одбор, одлуките на Владата на Република Македонија и градот Скопје со поддршка од UNESCO.<br><br>Почетниот мандат на Институтот бил да ја надгледува и помага реконструкцијата и обновата на градот Скопје после катастрофалниот земјотрес од 1963 г. Како подолгорочни цели биле дефинирани и континуирани истражувања во полето на сеизмологијата и земјотресното инженерство, перманентно собирање и ажурирање на сеизмолошки и други релевантни податоци и нивна имплементација во процесот на проектирање и планирање на градот. Институтот бил првата високообразовна и научна институција која на организиран начин овозможила обуки на градежни инженери, архитекти и планери со цел унапредување на планирањето, проектирањето и изведбата со примена на современи сознанија од обласа на земјотресното инженерство. Во тој правец и започнуваат и првите редовни магистерски и докторски студии со значителна поддршка од странски професори и експерти.<br><br>Денес, Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) е научноистражувачка и високообразовна установа - единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Институтот врши високообразовна дејност од втор и трет циклус студии, научноистражувачка и применувачка дејност во научноистражувачкото подрачје земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, како и во сите научни полиња што се во врска со основната дејност на Институтот. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | 1. Континуирана научно-истражувачка дејност ориентирана кон изнаоѓање решенија и утврдување на основи за намалување на сеизмичкиот ризик и ризикот од други природни катастрофи.<br>2. Реализирани голем број меѓународни, билатерални и национални научноистражувачки проекти со огромен придонес во правец на градење и јакнење на институционалните капацитети за справување со природните ризици.<br>3. Изградена интернационална мрежа за соработка со најрелевантните институции и истражувачи од обласа, во светот.<br>4. Компетентен научноистражувачки/наставен кадар кој постојано работи на подобрување на истражувачките перформанси изразени преку соодветна метрика и на содржината и методолошкиот пристап во своите предавања.<br>5. Најсовремени лабораториски капацитети (вкупно 6 различни лаборатории, линк). |

| | |
|---|---|
| | 6. Континуирана поддршка на младиот истражувачки кадар преку различни обуки, тренинг програми, работилници, летни школи, ЕРАСМУС мобилности.<br>7. Современи студиски програми дизајнирани според потребите на пазарот и со следење на светските трендови во областа.<br>8. Публикување на научните достигнувања на различни форуми и посебно во списанија со фактор на влијание.<br>9. Општествено одговорна институција која постојано работи на подигање на јавната свест за превенција и заштита од земјотреси, и посебно кај младата популација. |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Стандард 6: Ресурси за учење и поддршка на студентите:<br>Преку набавката на Интегрирана мобилна лабораторија за теренски истражувања и процена на штети од земјотресни и други дејства (EQ-MOBI-LAB), а во рамки на проектот финансиран од МОН, ИЗИИС креира современа истражувачка инфраструктура за учење и поддршка на студентите и за реализација на експерименталните истражувања во рамки на нивните магистерски и докторски трудови. Исто така во отсуство на алтернативни можности за финансирање на студирањето на втор и трет циклус на студии, ИЗИИС нуди стипендии за најдобрите студенти во форма на ослободување од школарина и на компетитивна основа. Исто така, од сопствени средства, поддржува стручно усовршување на младите докторанди и магистранти преку студиски престои и учество на летни школи на странски универзитети и центри. Поддржува и поттикнува активно учество на студентите во истражувачките проекти кои се реализираат на ИЗИИС во соработка со еминентни странски образовни и истражувачки институции.<br><br>Стандард 9: Меѓународна соработка и интернационализација<br>Во последните 5 г. е направен значаен исчекор во поглед на овој стандард иако истиот бил отсекогаш дел од мандатот и активностите на ИЗИИС. Реализирани или во тек се 8 европски проекти доминантно од програмата HORIZON, аплицирани се уште толку нови предлози. Креирани се нови партнерства и мрежи. ИЗИИС стана дел од STEM Alliance под покровителство на UNESCO Regional Bureau for Science and Culture in Europe, дел од EFEHR конзорциумот и EEFIT (за детали видете индикатор 2.5 и Стандард 9). Потпишани се или обновени 4 Меморандуми за соработка и 7 договори за ЕРАСМУС + мобилности.<br><br>Стандард 8: Информирање на јавноста<br>Овој стандард базира на 2 столба: првиот столб е навремено објавување на точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни податоци и информации за свои активности на интернет страната и другите медиуми (предоминантно на социјални медиуми); вториот столб е информирање на јавноста за подигање на свеста за справување со ризикот од земјотресите и градење на сигурно и безбедно општество. Вториот столб го сочинуваат серија на активности кои опфаќаат различни целни групи и кои ИЗИИС како општествено одговорна компанија континуирано ги реализира. |

| | |
|---|---|
| | Предизвици:<br>1. Недоволната финансиска поддршка на државата за сегментот наука и истражување, отсуство на средства за фундаментални научноистражувачки проекти.<br>2. Недоволното познавање и имплементација на научноистражувачките резултати во реалниот сектор-индустријата.<br>3. Нелојална конкуренција на пазарот на знаење.<br>4. Намален интерес кај младата популација за студии од областа на градежништвото.<br>5. Неажурирана и неконзистентна регулатива во областите на високото образование и научноистражувачката дејност.<br><br>Недостатоци:<br>1. Недоволна искористеност на постојниот капацитет за аплицирање и реализација на меѓународни проекти со фокус на проектите финансирани од Европската комисија.<br>2. Отсуство на интегриран „document management system“.<br>3. Недоволно екипирана стручна служба за следење на трендовите за дигитализација на Универзитетот и административните барања на европските проекти. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

### Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| ИЗИИС ја регулира својата политика за обезбедување на квалитет согласно Политиката за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје каде се дефинирани целите и процесите како и активностите кои што ќе се преземаат за нивно остварување. Институтот презема активности согласни стратешкиот план на УКИМ 2024-2029, Акциониот план на УКИМ (2019-2023) како и активности поблиску дефинирани и адресирани во Годишните извештаи за работа на Директорот (последниот од 12.2023г.), а се поврзани меѓу другото со унапредување на наставно-образовниот процес и воспоставување на механизми за унапредување на неговиот квалитет.<br>Активностите кои произлегуваат од Стратегијата на УКИМ се поделени во пет клучни области (Настава и студенти; Наука, иновации и уметности; Меѓународна соработка; Финансии и развој; Општествената улога и позицијата на УКИМ во општеството) и 3 области за поддршка на процесите: Дигитализација на УКИМ и подготовка за дигитална трансформација; Финансиска, кадровска и функционална автономност; Поддршка на развојот на административниот кадар. Реализирањето на Стратегискиот план ќе овозможи УКИМ да ја задржи својата лидерска позиција во високото образование во Република Северна Македонија, како и постојано да ја унапредува својата позиција на меѓународно ниво.<br>Во својата работа ИЗИИС комплетно го следи стратешкиот план на УКИМ и е фокусиран на неколку релеватни аспекти: научно-истражувачка дејност, наставно-образовна дејност, применувачка дејност, издавачка дејност, меѓународна соработка, соработка со домашни институции, научни настани, управување, структура и организација, како и подобрување на видливоста и препознатливоста на институтот. Во реализацијата на секој аспект се применуваат начелата на транспарентност, парцитипативност и инклузивност.<br>Согласно член 20 од Правилникот за обезбедување на квалитет на УКИМ, ИЗИИС формираше Центар за кариера и Совет за квалитет. Согласно Одлуката за утврдување на роковите, почетокот и траењето на самоевалуацијата на единиците и Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, (02-988 од 01.04.2024г.), рокот за доставување на годишниот акциски план на ИЗИИС за 2024-2025 год. е 30.09.2024г. | |
| **Прилози:**<br>1. СТРАТЕГИСКИ ПЛАН НА УНИВЕРЗИТЕТ ,СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ 2024 – 2029 - линк.<br>2. .Правилник за обезбедување на квалитет на УКИМ, Glasnik-674.pdf (ukim.edu.mk)<br>3. Акционен план на УКИМ за 2019-2023, линк.<br>4. Годишен извештај за работа на Директорот на ИЗИИС, линк.<br>5. Одлука за формирање на Совет за квалитет на ИЗИИС, линк.<br>6. Одлука за формирање на центар за кариера на ИЗИИС, линк | |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.);<br>Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |
| Пред донесувањето на новиот Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен Весник 153, 06.07.2022г.), за проверка на квалитетот на наставниот процес во целина, од страна на Комисијата за самоевалуација на ИЗИИС беше изготвена форма на студентска анкета која се темели на анкетниот лист унифициран на ниво на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје, но со вклучени специфики | |

на образовниот процес на ИЗИИС.
Анкетниот лист се состои од прашања поделени во шест генерални области и тоа:

1. Информираност за студиската програма пред уписот
2. Студиска програма
3. Организираност на наставата
4. Мислење на студентите за предметните програми и наставниците (во кое се интегрирани потпрашања за предметните програми, наставата, предметните наставници и следењето и оценувањето)
5. Мислење на студентите за административната служба
6. Општа оцена

Врз основа на овие прашања студентите го искажуваат својот став и ја оценуваат студиската програма на која се запишале, го оценуваат квалитетот на наставно-образовниот процес преку евалуација на работата на наставниците и на соработниците, квалитетот на административната служба, како и нивниот општ впечаток.
Анкетата ги опфати активните студенти на втор циклус и трет циклус на студии на Институтот. Од нив нешто повеќе од 50% доставија одговори на анкетните прашалници. Анкетниот лист беше изработен како “google” форма и испратен на студентите во форма на линк.
Сумираните резултати од реализираната анкета се дадени во последниот Извештај за самоевалуација на ИЗИИС (2020г.).
За потребите на тековната самоевалуација, а согласно горецитираниот Правилник и Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот Св Кирил и Методиј и неговите единици (бр. 02-362/5 од 28.02.2024), се спроведоа анкетите дефинирани во член 10 од ова Упатство. Добиената просечна оценка за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар се движи од 4.67-5.0 (за зимскиот семестра) и 4.65-5.0 (за летниот семестар). Просечната оцена добиена од анкетата за општите услови на студирање изнесува 4.44, а за општите услови за работа на наставниот кадар изнесува 4.23. Анкетата за општите услови на стручно административниот кадар не беше реалзирана. Комплетните резултати во облик на извештаи со детални одговори и извештаи со просек на единицата се дадени во прилозите.

**Прилози**:

1. Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен Весник 153, 06.07.2022г.) - линк.
2. Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот Св Кирил и Методиј и неговите единици - линк.
3. Извештај од самоевалуација на ИЗИИС – 2020 - линк.
4. Прилог - Резултати од спроведените анкети - линк.

| | |
|---|---|
| 1.3 Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |

ИЗИИС врши континуирана едукација на студентите од втор и трет циклус на студии и е посветен на подобрување на квалитетот на студиските програми и нивно осовременување согласно најновите светски трендови и потребите на општеството и бизнис заедницата. Студиските програми на ИЗИИС се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија. Постапката за акредитација се спроведува редовно на секои пет години. Студиските програми се креирани врз основа на сопствено искуство и искуството на други универзитети во светот (за детали видете Стандард 2).
Студентите на ИЗИИС се образуваат во специфични и комплексни области како што се земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија кои во себе интегрираат и широк спектар на инженерски подобласти. Наставата по предметните програми најчесто се одвива менторски (консултативно-инструктивни настава) согласно Правилниците за студирање на втор и трет циклус. При изведување на наставата се користат интерактивни методи и тоа семинарски трудови, проектни задачи, студии на случај, тестови, квизови и слично, а особено внимание се посветува на учество на студентите во тековните истражувачки проекти и експерименталните тестови во лабораториите на ИЗИИС. Во рамките на ЕРАСМУС + PARFORCE проектот студентите имаа можност да се запознаат со концептот на виртуелни експериментални лаборатории и со примена на VR технологијата да учествуваат во експерименти во wind tunnel (на Рур Универзитетот во Бохум) и во лабораторијата за пожарна отпорност на Универзитетот во Авеиро. Исто така, во рамки на проектот за контрола на сеизмичка стабилност на

градежниот фонд во земјава, студентите се активно вклучени во теренски увиди, со користење на современа опрема за недеструктивни испитувања (тромино, георадар, профометар, склерометар, термокамера и сл.).
ИЗИИС е институционален член на Одделението за градежништво при Стопанската Комора, на Сојузот на стопански комори и на Институтот за стандардизација и преку континуирана соработка ги рефлектира нивните барања (како идни работодавци) во своите студиски програми.
Во рамките на ИЗИИС, а согласно тогашната регулатива, активно функционираше и Одборот за соработка и доверба со јавноста во кој членуваа претставници на основачот и релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми, кој даваше мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата. Мислења од акредитација од СП!!!
Со цел обезбедување транспарентност и инклузивност, студентите се дел од Комисијата за самоевалуација и дел од новоформираниот Совет за квалитет со што се обезбедува нивна вклученост во процесот на проценка на развој и унапредување на квалитетот на образовната и научноистражувачката дејност.
Дополнително, процесот на самоевалуација на ИЗИИС, преку SWOT анализата, сумарно ги прикажува предностите, слабостите, заканите и можностите на институцијата и дава препораки за подобрување на нејзиниот квалитет и квалитетот на кадарот. Органите на управување на ИЗИИС, имено Научниот Совет и Институтската управа посветено работат на имплементацијата на овие препораки.

**Прилози**:

1. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје -линк
2. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк.
3. Комисија за самоевалуација на ИЗИИС - линк.

| | |
|---|---|
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |

Согласно член 20 од Правилникот за обезбедување на квалитет на УКИМ (28.02.2024г.), ИЗИИС формираше Совет за квалитет, како посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување на квалитет. Врз основа на индикаторите во извештајот са самоевалуација и својот мандат, Советот го изготви годишниот акциски план со предлог мерки за останување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста. и истиот е усвоен со одлука на Научниот совет. Центарот за квалитет е во фаза на формирање.

**Прилози**:

1. Одлука за формирање на Совет за квалитет на ИЗИИС - линк.
2. Годишен акциски план (2024/2025), линк
3. Одлука од Научниот совет, линк

| | |
|---|---|
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |

ИЗИИС, Скопје има 59-годишна традиција како реномирана научно-истражувачка и академска установа. Неговата дејност, од основањето па до денес а и во иднина, во континуитет е насочена кон намалување на ризиците од катастрофи, заштитата на населението и добрата, намалување на физичките и економските штети и заштита на социо-економските системи од дејството на земјотресите, но и од другите природни опасности. Во тој контекст, и последната самоевалуацијата имаше за цел реално да ја утврди состојбата, да ги утврди силните и слабите страни на Институтот и да предложи насоки за евентуални корекции и натамошно подобрување на квалитетот на изведување на наставниот процес.
Комисијата за самоевалуација по извршената SWOT анализа по одделните сегменти на самоевалуацијата, во заклучокот од извештајот сумарно ги прикажа утврдените силни и слаби страни на Институтот и на академскиот кадар. Исто така како консеквентно заокружување на процесот на самоевалуација, Комисијата предложи мерки за опстојување и продлабочување на посветеноста на Институтот на својата основна дејност, во промовирање на

своите научни, образовни и професионални достигнувања до Научниот совет на Институтот.
Последниот извештај за самоевалуација на ИЗИИС го опфаќа периодот од 2016-2019 година (објавен на интернет страната на Институтот) и ги содржи следните заклучоци:

- Надминување на недостигот на професорски, соработнички и административен кадар и обезбедување на одржливоста на Институтот
- Редизајнирање и натамошно усовршување на студиските програми во согласност со потребите на општеството и градежниот сектор во земјата и регионот
- Зголемување на бројот на печатени учебни помагала од стана на наставниот кадар
- Обезбедување пристап до научно-стручна литература и списанија од областа
- Зголемување на меѓународната димензија на студиските програми преку интензивирање на соработката со универзитети од странство и креирање на можности за заеднички студиски програми
- Креирање и развој на алумни асоцијација со претходно консултирање на практичните искуства од нашите меѓународни партнерски институции
- Унапредување на соработката со бизнис заедницата, владините институции и невладиниот сектор, во поглед на научноистражувачката и наставната активност.

Во однос на заклучоците од последната  самоевалуација напредок е постигнат во повеќе сфери:

- Вработувања на соработнички кадар - асистенти
- Зголемен број на објавени научни трудови и посебно во списанија со импакт фактор
- Редизајнирање на студиските програми согласно потребите на индустријата
- Одржување на постојните и креирање на нови партнерства и мрежи за заедничко аплицирање на повиците за истражувачки проекти
- Зголемување на бројот на печатени учебни помагала од стана на наставниот кадар

**Прилози:**

1. Извештај од самоевалуација на ИЗИИС - 2017 - линк.
2. Извештај од самоевалуација на ИЗИИС - 2020 - линк.

| | |
|---|---|
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |

Последната надворешна евалуација на Универзитетот, каде што припаѓа и ИЗИИС -Скопје е спроведена од 16 до 20 октомври 2017 година  од страна на експертски тим номиниран од Европската асоцијација на Универзитети, во Брисел. Во Извештајот се дадени 24 препораки кои се однесуваат на УКИМ како целина бидејќи тимот имајќи ги предвид финансиските ресурси смета дека Универзитетот ќе ја зголеми својата ефикасност ако централизира некои клучни услуги (на пр. пишување предлози за грантови) и ако може да предложи и да спроведе заедничка стратегија за настава  и  учење,  истражување,   интернационализација   и   внатрешно обезбедување квалитет.

**Прилози:**

1. Контролен извештај за евалуација, Програма за институционална евалуација на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, 2017 година - линк.

## Стандард 2

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Студиските програми на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, ИЗИИС, Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на втор и трет циклус студии се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Република Северна Македонија. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за втор и трет циклус студии ИЗИИС е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Сл.  Весник на РСМ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование.<br>Основна дејност на ИЗИИС, Скопје како единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е научноистражувачката работа и наставно-образовната дејност. Изработката и одобрувањето на студиските програми на втор и трет циклус студии е од исклучителна важност со цел да се овозможи унапредување на образованието на студентите на сите студиски програми на втор и трет циклус на студии, следејќи ги најновите трендови во научната дисциплина земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија, како и трендовите во реалниот сектор во земјата и пошироко, подготвувајќи ги студентите во целост да одговорат на потребите на пазарот на труд.<br>Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма/и. Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за втор и трет циклус студии на ИЗИИС се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за евалуација на високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование.<br>Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11) и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>1. Закон за високото образование (Службен Весник на РСМ 82/18) - линк<br>2. Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од прв, втор и трет циклус (Службен Весник на Република Македонија бр.25/11) – линк<br>3. Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од втор и трет циклус – линк<br>4. Обрасци за акредитација на студиски програми на втор циклус на студии – линк<br>5. Обрасци за акредитација на студиски програми на втор циклус (УКИМ)-линк<br>6. Обрасци за акредитација на студиски програми на трет циклус докторски студии (УКИМ) - линк</td></tr>
<tr><td>2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнувањето на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни</td><td>Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики.</td></tr>
</table>

| професии. | |
|---|---|

Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, како единка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од своето основање до денес, врши континуирана едукација на кадри од земјата и од странство во областа на земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија. Овие научни области во себе интегрираат и широк спектар на инженерски под-области, како што се конструктивното инженерство, проектирање на сеизмички сигурни и стабилни објекти (згради, мостови, брани, инфраструктурни системи, специјални објекти), специфични проблеми од геотехничко инженерство, дефинирање на сеизмичкиот хазард, подготвеноста за справување со катастрофи предизвикани од земјотресите и сл. И покрај тоа, поради актуелноста на тематиката, постојаното осовременување на содржините и можноста да се следат на македонски но и на англиски јазик, , постдипломските студии се одржуваат во континуитет веќе 59 години со променлив но несмален интензитет, што е показател дека студиските програми се добро осмислени и опишани. Наставно-образовната дејност е стратешка ориентација на ИЗИИС и е во насока на непречен развој и можност студентите да се стекнат со академско звање и вештини, што го потврдува и фактот дека ниту еден од дипломираните магистранти и докторанди не е невработен.

Втор циклус на студии:

На ниво на втор циклус на студиите во ИЗИИС со почеток од учебната 2023/2024 се изведува една студиска програма по „Земјотресно инженерство“ -ЗИ во траење од две години, (четири семестри), додека претходно, (2018-2023) се изведуваа шест студиски програми, и тоа „Конструктивно инженерство со асеизмичко проектирање“ - КИ (3 програми) и „Земјотресно инженерство“ - ЗИ (3 програми), со различно времетраење, имено два, три и четири семестри, со цел да се одговори на потребите на студентите кои доаѓаат со различен број на кредити од претходното образование. Наставата се одвива на македонски и на англиски јазик. Со завршувањето на овие студиски програми студентот се стекнува со вкупно 60, 90 и 120 ЕКТС кредити, соодветно, и со звање магистер на науки од областа на земјотресното инженерство.

Трет циклус на студии:

На ниво на трет циклус на студиите во ИЗИИС, а во рамките на Школата за докторски студии на УКИМ, се изведува една студиска програма по „Земјотресно инженерство“, - ЗИ во времетраење од 3 години (6 семестри) и тоа: I година – следење и полагање на наставни предмети; II и III година – подготовка и пријавување на докторската дисертација – истражување, објавување резултати, пишување и одбрана на трудот, проследено со учество на докторски семинари, годишни конференции и работилници. Наставата се одвива на македонски и на англиски јазик, но најчесто менторски. Со завршувањето на студиите, студентот се здобива со звање доктор на технички науки од областа на земјотресното инженерство и се стекнува со 180 кредити.

Студиските програми од втор и трет циклус кои се изведуваат во ИЗИИС се целосно усогласени со одредбите на Болоњската декларација и правилата на ЕКТС и се состојат од задолжителни и изборни предмети. Содржината на програмите е солидно креирана и опишана, со јасно поставени цели, дефинирани дескриптори на верификации согласно со Уредбата за национална рамка на високобразовните квалификации. Програмите на секој од предметите (задолжителни и изборни) се дизајнирани со цел исполнување на целите на студиската програма. Кај секој од предметите јасно се наведени целите на предметната програма, односно компетенциите со кои студентот се стекнува по завршување на студиите, потоа содржината на предметната програма, методи на учење, начин и критериуми на оценување, како и методот на следење на квалитетот на наставата. Секоја поединечна предметна програма поседува јасно наведена основна и дополнителна литература. Содржината на студиските програми ги содржи сите елементи согласно член 140 од Законот за високо образование. Во текот на наставниот процес студентите активно се вклучуваат и во тековни научноистражувачки проекти и се мотивираат за реализација на меѓународна мобилност, учество во летни школи, обуки, работилници и сл. Треба да се истакне и активното учество на ИЗИИС во ERASMUS програмата, во чии рамки на иницијатива на ИЗИИС се потпишани повеќе меморандуми за соработка и реализирани се бројни мобилности како на студентите така и на наставниот кадар.

Содржината на студиските програми, целта на секоја програма, постигнување на резултатите од учењето, како и сите дополнителни информации за предметните програми на сите студиски програми акредитирани на втор и трет циклус се достапни во приложените елаборати од акредитацијата во 2017/2018 и последната во 2023/2024 г.

**Прилози:**

Линк до Елаборатите на акредитирани програми за втор и трет циклус студии на ИЗИИС:

1. Акредитирана студиска програма за втор циклус - магистерски студи 2023/2024 - линк
2. Акредитирана студиска програма за втор циклус - магистерски студии 2017/1028 - линк
3. Акредитирана студиска програма за трет циклус- докторски студии 2017/2018 - линк
4. Акредитирана студиска програма за трет циклус - докторски студии 2023/2024 - линк
5. Мобилност на студенти и наставен кадар - линк 1, линк 2

| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |
|---|---|

Сите студиски програми на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се дизајнирани врз основа на сопствено искуство и искуствата на други универзитети во светот, посебно на земјите со развиено земјотресно инженерство, континуирано следејќи и анализирајќи ги современите потреби на општеството поврзани со развојот и унапредувањето на модерната технологија за контрола и намалување на сеизмичкиот ризик. Студиите опфаќаат и практични аспекти и ги земаат во предвид новите трендови во земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија, како и трендовите во реалниот сектор во земјата и пошироко, нудејќи им на младите научно-истражувачки кадри одговори и решенија во овие комплексни подрачја, подготвувајќи ги во целост да одговорат на потребите на пазарот на труд, истовремено креирајќи простор за нивно идно усовршување.

Студиските програми за втор циклус на студии се конципирани со цел да ги задоволат образовните потреби на студентите кои почнале или сакаат да изградат кариера во областа на конструктивното градежништво и земјотресно инженерство. Студентите по завршување на студиите од втор циклус ќе го разберат потенцијалот кој земјотресите го носат со себе и ефектот што истите го имаат на објектите и ќе се стекнат со знаење, вештини и компетенции, со кои ќе придонесат кон проектирање на сеизмички отпорни конструкции, намалување на севкупниот ризик од земјотрес и градење на општество отпорно на сеизмички дејства.

Докторските студии на ИЗИИС пак овозможуваат континуирана подготовка на соодветни потребни кадри и експерти и имаат исклучително значење и големо општествено - економско оправдување. Покрај придонесот кон општиот напредок на градежништвото, ваквите профили со своето знаење придонесуваат кон развојот на технологијата за минимизирање на штетите и прекинот на функционирањето на градежниот фонд и инфраструктурните системи при дејство на земјотреси. Така на пример, преку конкретна примена на сознанијата од научно заснованите истражувања, особено експерименталните, на интегрирани технички решенија за подигање на сеизмичката отпорност и енергетската ефикасност на постојните објекти, што е една од целите на циркуларната економија во градежништвото, се придонесува во градење и егзистирање на резилиентни системи и општества.

Во овој контекст, во Националната платформа за редукција на ризиците, ИЗИИС, со својот научноистражувачки потенцијал и кадрите кои ги образува е рефериран како научна институција од исклучителна важност за превенција на ризиците од земјотреси и други природно и технолошки хазарди.

Во согласност со Законот за високо образование (член 67, Сл. Весник на РСМ бр.35/08, 30/16, и член 122, Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) во рамките на ИЗИИС основани се Одбор за соработка и доверба со јавноста како и од неодамна Совет за квалитет, во кој покрај претставници на Научниот Совет на ИЗИИС членуваат и релевантни претставници на деловната заедница од делокругот на студиските програми. Во процесот на акредитација и реакредитација на наставните програми, Одборот за соработка и доверба со јавноста има дадено позитивно мислење за подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството и економијата, а тоа се очекува и од Советот за квалитет во иднина.

**Прилози**

1. Закон за високото образование(Службен Весник на РСМ 82/18) - линк
2. Закон за високо образование (Службен Весник на РСМ 35/08 - 30/16) - линк
3. Линк до елаборатите за студиските програми на ИЗИИС се дадени во рамки на индикатор 2.2
4. Одлука за избор на членови на Одбор за доверба и соработка со јавноста на ИЗИИС бр. 09/1654/1 од 15.11.2022 - линк
5. Одлука за избор на членови на Совет за квалитет на ИЗИИС бр. 09/833/1 од 25.04.2024 - линк
6. Позитивно мислење од Одборот за доверба и соработка со јавноста за Елаборатот за студиска програма „Земјотресно инженерство“ на трет циклус на студии бр. 09-1656/1 од 16.11.2022
7. Позитивно мислење од Одборот за доверба и соработка со јавноста за Елаборатот за студиска програма „Земјотресно инженерство“ на втор циклус на студии бр. 09-1656/2 од 16.11.2022

| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |
|---|---|

Студиските програми на втор и трет циклус студии на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија се креираат така да одговараат на современите текови и барања на општеството, во насока на создавање  кадар кој ќе одговара на потребите на градежништвото и градежната индустрија, реалниот сектор и општеството генерално. При реакредитацијата пак, наставниците ја адаптираат и осовременуваат содржината, и литературата на секој поединечен предмет согласно ново стекнатите сознанија. Програмите се изработуваат од страна на членовите на Научниот Совет, во чија работа,  и покрај тоа што тоа не е пропишано со Статутот на УКИМ и ИЗИИС, учествуваат и двајца претставници на студентите. На тој начин се обезбедува поголема транспарентност во работата и подобра информираност на студентите, а со тоа се создава можност тие директно да учествуваат во дискусиите при изработката, ревидирањето и подобрувањето на студиските програми. Покрај ова, преку соработката и дискусиите со наставниците во текот на студирањето, студентите, кои во најголем дел се вработени во градежниот или државниот сектор, ги пренесуваат своите потреби и идеи, кои потоа се користат од страна на наставниците при ревидирање на студиските програми. Прилагодувањето на програмите кон новите трендови и спречување на нивното застарување е овозможено и од идеите кои докторандите ги добиваат за време на докторските конференции, работилниците и семинарите организирани од страна на ИЗИИС, како и од нивните студиски престои во странство, а се преточуваат во современи и иновативни теми за изработка на магистерски и докторски дисертации кои се бираат во соработка со менторите, со што во голема мера се придонесува кон осовременување на студиските програми. Дополнително, преку учеството во Комисиите за самоевалуација и новоформираниот Совет за квалитет, се обезбедува  вклученост на студентите во процесот на проценка на развојот и унапредувањето на квалитетот на образовната дејност. Исто така, процесот на самоевалуација на ИЗИИС, преку SWOT анализата, сумарно ги прикажува предностите, слабостите, заканите и можностите на институцијата и дава препораки за подобрување на нејзиниот квалитет и квалитетот на кадарот. Органите на управување на ИЗИИС, имено Научниот Совет и Институтската управа  посветено работат на имплементацијата на овие препораки.

Сите студиските програми на втор и трет циклус студии на ИЗИИС се изработуваат, ревидираат и се подобруваат врз основа на сознанијата стекнати од соработката и со други релевантни носители на интереси (бизнис заедницата, државни органи и други организации), како и врз основа на реномираните студиски програми на странски универзитети, се’ со цел да се избегне нивно застарување и да се одговори на современите потреби на пазарот на труд за високо- образован кадар од областа на градежништвото. Еден од начините е и Одборот за соработка и доверба со јавноста кој дава мислење за општествената оправданост и подобноста на студиските програми на развојните потреби на општеството. Од друга страна, преку изработката на студии, експертизи, проекти од локален и регионален карактер, подготовка на подлоги за урбанистичко и просторно планирање, изготвување на правила и прописи за асеизмичко градење, постземјотресни активности, како процена на штети, преземање на мерки за намалување на последиците од земјотресите и друго, продолжува соработката на ИЗИИС со владините министерства, Собранието на град Скопје, Општините во Република Северна Македонија, ЗЕЛС, владини институции задолжени во секторите за справување со природни и елементарни катастрофи, сеизмолошката опсерваторија итн. Како посебен пример може да се наведе соработката со  Институтот за стандардизација за донесување на Европските технички нормативи за проектирање (EuroCodes). Наставниот кадар активно учествува во работата на повеќе технички комитети.

ознанијата стекнати при ваквата соработка континуирано се користат при осовременување на содржините на студиските програми.

**Прилози**

1. Извештај од самоевалуација на ИЗИИС - 2017 - линк
2. Извештај од самоевалуација на ИЗИИС - 2020 - линк
3. Одлука за избор на членови на Одбор за доверба и соработка со јавноста на ИЗИИС бр. 09/1654/1 од 15.11.2022, линк
4. Одлука за избор на членови на Совет за квалитет на ИЗИИС бр. 09/833/1 од 25.04.2024 - линк
5. Прилог 2.4.А. Вклучување на студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации) во изработка и ревидирање на студиските програми - линк
6. Прилог 2.4.Б. Листа на вклучени носители на интереси во изработка и ревидирање на студиските програми - линк

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години. |

| | |
|---|---|
| | Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Од своето основање до денес, ИЗИИС врши континуирана едукација на кадри од земјата и од странство во области кои се поврзани со развојот и унапредувањето на модерната технологија за контрола и намалување на сеизмичкиот ризик. ИЗИИС денес со право може да се гордее на фактот што првите магистерски студии во Република С. Македонија биле организирани и реализирани токму на ИЗИИС во 1965 год. Овие студии од ваков тип биле и први во Европа. И денес студиските програми по „Земјотресно инженерство“ се единствени во регионот и обезбедуваат едукација на кадар кој понатаму ќе придонесува за квалитетно и безбедно живеење, не само во Македонија туку и надвор од нашата земја, со што креира не само национален туку и регионален импакт. Истите постојано се усогласуваат со современите светски трендови во земјотресното инженерство и споредуваат со слични програми на странски високообразовни институции, особено во рамките на европскиот образовен простор.  Треба да се истакне дека скоро без исклучок, покрај учебниците и инструктивните материјали од носителите на предметите, во литературата на предметите секогаш е вклучена и современа странска литература од соодвените области. Посебен придонес кон надворешната експертиза е и вклучување на професори од еминентни универзитети во оценката и одбраната особено на докторските трудови. Така на пример само во последната година во овој сегмент земаа учество двајца професори до Универзитетот во Павиа, Италија, (prof. Carlo G. Lai, и prof. Gerard J. O'Reily), Универзитетот British Columbia, Canada, (prof. Svetlana Brzev), Универзитетот Southern California, USA (prof.. Marija Todorovska) од Универзитетот во Патрас (prof, Theodoros Karavasilis).

Студиските програми содржат (1) најнови научни и стручни знаења од областа на земјотресното инженерство (2) усогласеност (континуираност) со студиската програма од прв односно втор циклус од високо образование, (3) усогласеност со најмалку три акредитирани програми на странски високообразовни институции, од кои најмалку две се од високообразовни институции од европското образование, (4) формално и структурно се усогласени со барањата на Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Службен весник на Република Македонија, бр.25/11) и останатите утврдени стандарди, специфични за акредитацијата и (5) усогласеност со европските стандарди во однос на барањата за упис, времетраењето на студиите, условите за премин во следната година, добивањето на диплома и начинот на студирање и спорадливост на програмата. При нивното креирање и реакредитирање посебно се внимава на позитивните практики од универзитетите во земјите од Европа и светот со развиено земјотресно инженерство, помеѓу кои се:

- Imperial College, London, UK https://www.imperial.ac.uk/structural-engineering/postgraduate-research-phd/
- Institute of Advanced University Education, Pavia, Italy, https://www.iusspavia.it/en/node/23
- University of Bristol, UK https://www.postgrad.com/university-of-bristol-earth-sciences-earthquake-engineering-and-infrastructure-resilience/course/#collapse-489875
- University of Porto, Porrtugal https://sigarra.up.pt/feup/en/cur_geral.cur_planos_estudos_view?pv_plano_id=2517&pv_ano_lectivo=2022&pv_tipo_cur_sigla=D&pv_origem=CAND
- Univeristy of Ljubljana, Slovenia, (https://www.en.fgg.uni-lj.si/wp-content/uploads/2018/05/UL_FGG_3rd_cycle_programme_-_Built-Environment_16-05-19-1.pdfстем)

)Посебен придонес во реализацијата на студиските програми има вмрежувањето на ИЗИИС во меѓународни организации и асоцијации, како и реализирање на предавања од еминетни предавачи од областа. Во текот на извештајниот период реализирани се неколку нови членства во меѓународни организации од областа, соодветни работилници како и неколку поканети предавања на еминетни професори од странство, во рамките на кои присуствувале магистрантите и докторандите на ИЗИИС,  и тоа:

- Јули 2020 - ИЗИИС, станува дел од EFEHR мрежата формирана со цел јакнење на Европските капацитети во доменот на земјотресниот хазард и ризик,
- https://mailchi.mp/bdd19998a850/get-to-know-the-efehr-consortium-save-the-date-for-the-webinar?e=030e4b9d7c
- Септември 2021, ИЗИИС станува член на меѓународниот тим EEFIT
- https://www.istructe.org/get-involved/supported-organisations/eefit/
- Октомври 2021 - ИЗИИС станува член на Меѓународната асоцијација за одговор на неконструктивни елементи при сеизмички дејства (SPONSE) http://www.sponse.eu
- Ноември 2023 - ИЗИИС станува член на STEM Alliance под покровителство на UNESCO Regional Bureau for Science and Culture in Europe, Venice, линк
- Ноември 2022 – одржано предавање од проф. Веи Ву, (Универзитет за природни науки од Виена) на тема „Моделирање на свлечишта со методот на мултискалирање“
- Февруари 2023 - во рамки на работилница на тема „Сеизмичка изолација, истражувања и нејзина примена“  одржани се десетина предавања од областа на експериментални истражувања и искуства од имплементирани системи за сеизмичка изолација од страна на претставниците од Јапонската асоцијација за сеизмичка изолација (JSSI).

- Јуни 2023 - одржано повикано предавање од д-р Лауренциу Данчу од ЕТНZ (Швајцарски федерален институт за технологија – Цирих) на тема „Новиот развој и Европските напори во харомонизацијата на сеизмичкиот хазард и ризик, нивната важност и регионалната импликација на новите Европските модели“
- Март 2024 - одржано предавање од д-р Давор Станко од Геотехнички факултет во Вараждин, Универзитет во Загреб
- Мај 2024 - во рамки на работилница на тема „Seismic Assessment and Retrofitting of Masonry and Preserved Structures“ подржана од Советот на Европа одржани се 6 предавања од експерти од Грција, Србија и Македонија

**Прилози:**

1. Линк до елаборатите за студиските програми на ИЗИИС, во кој се прикажани предметните програми за сите студиски програми се дадени во рамки на индикатор 2.2
2. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2020-30.09.2021 бр. 08-2036/1 од 17.12.2021 - линк
3. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2021-30.09.2022 - линк
4. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2022-30.09.2023 бр. 09-1960/1 од 15.12.2023 - линк
5. Прилог 2.6. Преглед на реализирана практична настава и надворешни активности - линк

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Студирањето на втор и трет циклус на студии во ИЗИИС е во согласност со Болоњскиот односно Европскиот кредит трансфер (ЕКТС) систем. ЕКТС е заснован на вкупниот обем на работа на студентот, при што општо правило е дека 60 кредити претставуваат (оптимален) обем на работа за една академска година. Според ЕКТС, оптоварувањето на студентите на втор циклус студии е 60, 90 и 120 ЕКТС (едногодишни, едноиполгодишни односно двегодишни студии, соодветно) и трет циклус на студии од 180 ЕКТС. Во Елаборатите на студиските програми на ИЗИИС детално е опишан и јасно дефиниран целокупниот очекуван ангажман, односно оптовареноста на студентот од втор и трет циклус на студии, соодветно. Доделените ЕКТС кредити за секој од предметите со вклучените форми на наставни активност, како што се предавања-теоретска настава, лабораториски и/или аудиториски вежби, семинари, тимска работа, проектни задачи, семинарска работа, самостојни задачи и домашно учење, го претставуваат обемот на работа што секој студент мора да го реализира за да го положи испитот по соодветниот предмет. Во наставниот процес се користат и современи дигитални технологии, како на пример VR, следење и учество во експериментални тестирања од далечина, обуки за користење на современа лабораториска опрема, ламинарен контејнер, сеизмичка платформа, земјотресна мобилна лабораторија итн. Повеќето од студентите кои се запишуваат на втор или трет циклус се вработени, па вака димензионираната оптовареност им дава можност да го надградуваат практичното знаење стекнато на работните места со знаењето стекнато за време на студиите.

Наставата по предметните програми се изведува најчесто менторски, а во склад со законските прописи. Во рамки на менторската настава се реализираат блок-предавања, консултации, дискусии, проектни задачи, лабораториски вежби. Се поттикнува креативното размислување на студентите и нивно учество на различни настани и форуми (работилници, тренинг програми, обуки, конференции, летни школи, курсеви и сл.), а со цел да се стекнат со компетитивни вештини за писмено и усмено комуницирање, разрешување на проблеми, способност за анализа и синтеза и способност за организација и планирање. Реализацијата на наставата се одвива со современи технологии како што се користење на: персонални компјутери, интерактивна табла, видео бим, користење на информациони бази, лабораториска опрема за динамички испитувања на материјали, физички модели и гео-модели на вибро-платформа, “remote-access” експерименти, опрема за недеструктивни тестови на материјали, конструктивни елементи и конструкции, почвени примероци, опрема за регистрација на силни земјотреси и сл.

Како додадена вредност на наставно образовниот процес е ориентацијата кон потребите на индустријата и градежниот сектор. Во предметните програми е вклучена соработка со професионални организации од

| |
|---|
| стопанството, индустријата, стандардизацијата, со владини институции, со професионални асоцијации и друштва, преку учество на студентите во заеднички проекти, преку стручни посети, посетеност на обуки и сл. Соработката на студентите со нив во текот на студиите и изработката на завршните трудови посебно се охрабрува со што се подигнува нивната додадена вредност и се создава можност за практична примена на стекнатите знаења.<br>Напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити, а завршното оценување е прецизирано во предметните програми, јавно и транспарентно, и се одвива во однапред дефинирани термини кои се комуницираат до студентите. Покрај традиционалните методи на проверка на знаењето (писмени и усни испити, колоквиуми, тестови, семинарски работи и сл.), се практикуваат и дискусии, презентации и јавни одбрани на изработените проектни задачи пред други колеги студенти со што се поттикнува културата на споделување на знаења и конструктивна дискусија.<br>За двата образовни циклуси задолжителна е изработка на завршен труд, магистерски и докторски, соодветно. Темите ги следат актуелните текови во земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија и се избираат во договор со менторот. Истите се изработуваат во писмена форма со висок технички квалитет и се бранат пред соодветни Комисии назначени од Научниот совет. Широко е распространета практиката на учество на професори, надвор од академската заедница на ИЗИИС, од сродните области во земјава и од странство во овие комисии. |
| **Прилози**:<br>Линк до елаборатите за студиските програми на ИЗИИС, во кој се прикажани предметните програми за сите студиски програми се дадени во рамки на индикатор 2.2 |

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации. |

| |
|---|
| Сите информации за студиските програми на втор и трет циклус на студии навремено се објавуваат на интернет страната на ИЗИИС, www.iziis.ukim.edu.mk и на Универзитетот, https://www.ukim.edu.mk. За секоја студиска програма е прикачен елаборатот, потребните задолжителни и изборни предмети со соодветните кредити, содржината на секој предмет со предметните наставници, решенијата за акредитација, како и сите документи кои се неопходни за информирање на студентите во врска со вториот и третиот циклус на студии. |
| **Прилози:**<br>Линк до интернет страницата каде се објавени наведените информации:<br>1. Општи информации - линк<br>2. Студентски соопштенија - линк<br>3. Инфо за втор циклус - линк<br>4. Инфо за трет циклус - линк |

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

| |
|---|
| Научниот совет при ИЗИИС постојано ги следи и периодично ги ревидира студиските програми на втор и трет циклус, со цел истите да ги задоволат потребите на студентите и потребите на општествената заедница, а во согласност со регулативата и законски предвидените рокови за акредитација/реакредитаца на истите. Како и другите содржини, и овие информации се јавно достапни за сите заинтересирани страни преку навремено објавување на интернет страницата на институтот. Покрај евентуалните измени во содржините на предметите, при ревидирањето на програмите редовно се дополнува литературата со современи и тековни материјали со цел студентите да ги осознаат актуелните состојби во областа.<br>Процесот на ревидирање и надградувањето на образовните капацитети е заснован и овозможен од научно-истражувачката но и од апликативната дејност, како и континуираната надворешна соработка на ИЗИИС. Научноистражувачката дејност во ИЗИИС во текот на извештајниот период е поврзана со реализација на голем број меѓународни и билатерални научноистражувачки проекти што резултира со значаен придонес во правец на осовременување на знаењата во областа на справување со природните ризици и катастрофи. Во отсуство на посериозна поддршка на државата на националните научни истражувања, апликативната дејност, реализирана |

преку експертски и стручни услуги за потребите на стопанските субјекти како во државата така и во странство, претставува исто така основа за осознавање на актуелните проблеми и одлична можност за конкретна примена на научните истражувања во градежниот сектор и во индустријата, а во склад со основните постулати на Horizon 2020 програмата дека науката треба да биде во служба на унапредување на индустријата и за бенефит на општеството, не наука само по себе и сама за себе. Преку вклучување на вака стекнатите сознанија во материјалите во предметите на студиските програми истите континуирано се подобруваат, а студентите имаат можност да се стекнат со знаење за тековните процеси и нивните практични решенија.
Постапката за акредитација/реакредитација се спроведува редовно на секои пет години, која започнува една година пред истекот на тековната акредитација за соодветната студиска програма.

Втор циклус на студии:
На ниво на втор циклус на студиите во ИЗИИС со почеток од учебната 2023/2024 се изведува една студиска програма по „Земјотресно инженерство“-ЗИ во траење од две години, (четири семестри). За оваа студиска програма завршен е процесот на акредитација и добиено е решение за отпочнување со работа во учебната 2023/2024. Претходно во извештајниот период се изведуваа шест студиски програми, и тоа „Конструктивно инженерство со асеизмичко проектирање“ - КИ (3 програми) и „Земјотресно инженерство“ - ЗИ (3 програми), со различно времетраење, имено два, три и четири семестри, со цел да се одговори на потребите на студентите кои доаѓаат со различен број на кредити од претходното образование. Наставата се одвива на македонски и на англиски јазик. Со завршувањето на овие студиски програми студентот се стекнува со вкупно 60, 90 и 120 ЕКТС кредити, соодветно, и со звање магистер на науки од областа на земјотресното инженерство.

Трет циклус на студии:
На ниво на трет циклус на студиите во ИЗИИС се изведува една студиска програма по „Земјотресно инженерство“, - ЗИ во времетраење од 3 години (6 семестри). За истата завршен е процесот на акредитација и добиено е решение за отпочнување со работа во учебната 2023/2024. Со завршувањето на студиите, студентот се здобива со звање доктор на технички науки од областа на земјотресното инженерство и се стекнува со 180 кредити.
Наставата по предметните програми во ИЗИИС се спроведува согласно Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на први и втор циклус на УКИМ, (Универзитетски гласник 417-2019) и Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на трет циклус на УКИМ, (Универзитетски гласник 530-2020). За секој од предметите има назначено најмалку по двајца професори кои ги спроведуваат планираните активности. Доколку е формирана група од 5 студенти на предметот се одржува редовна настава а распоредот на часови се објавува на огласната табла и на интернет страната на Институтот. Во спротивно наставата се изведува менторски, а во склад со законските прописи. Покрај наставата студените можат да договорат консултации и дискусии со предметните наставници во договорени термини.
Во оценувањето на квалитетот на наставно образовниот процес учествуваат и студентите преку спроведување на анкети во рамки на процесот на самоевалуација. Од страна на Комисијата за претходните самоевалуации изготвена е форма на студентска анкета која се темели на анкетниот лист унифициран на ниво на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје, но со вклучени специфики на образовниот процес на ИЗИИС. Анкетниот лист се состои од прашања поделени во шест генерални области и тоа (1) Информираност за студиската програма пред уписот, (2) Студиска програма, (3) Организираност на наставата, (4) Мислење на студентите за предметните програми и наставниците (во кое се интегрирани потпрашања за предметните програми, наставата, предметните наставници и следењето и оценувањето), (5) Мислење на студентите за административната служба и (6) Општа оцена. Врз основа на овие прашања студентите го искажуваат својот став и ја оценуваат студиската програма на која се запишале, го оценуваат квалитетот на наставно-образовниот процес преку евалуација на работата на наставниците и на соработниците, квалитетот на административната служба, како и нивниот општ впечаток. Анкетата ги опфаќа активните студенти на втор циклус и трет циклус на студии на Институтот.
За потребите на тековната самоевалуација, анкетата на студентите на втор циклус за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар се спроведува согласно Правилник и Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј и неговите единици (бр. 02-362/5 од 28.02.2024).

**Прилози**:
1. Студентска служба - линк
2. Студентски соопштенија - линк
3. Инфо за втор циклус - линк
4. Инфо за трет циклус - линк
5. Решение за акредитација на студиската програма „Земјотресно инженерство“ втор циклус на студии бр. 09-1316/1 од 6.09.2023 - линк
6. Решение за почеток со работа на студиската програма „Земјотресно инженерство“ втор циклус - линк

7. Решение за акредитација на студиската програма „Земјотресно инженерство“ трет циклус на студии бр. 09-970/1 од 21.06.2023 - линк
8. Решение за почеток со работа на студиската програма „Земјотресно инженерство“ трет циклус - линк

Решенија за акредитација и решенија за почеток со работа на студиските програми акредитирани во 2018 година

1. Решение за акредитација на студиска програма „Конструктивно инженерство со асеизмичко проектирање“ втор циклус на студии 60 ЕКТС - линк
2. Решение за акредитација на студиска програма „Земјотресно инженерство“ втор циклус на студии 60 ЕКТС - линк
3. Решение за акредитација на студиска програма „Конструктивно инженерство со асеизмичко проектирање“ втор циклус на студии 90 ЕКТС - линк
4. Решение за акредитација на студиска програма „Земјотресно инженерство“ втор циклус на студии 90 ЕКТС - линк
5. Решение за акредитација на студиска програма „Конструктивно инженерство со асеизмичко проектирање“ втор циклус на студии 120 ЕКТС - линк
6. Решение за акредитација на студиска програма „Земјотресно инженерство“ втор циклус на студии 120 ЕКТС - линк
7. Решение за акредитација на студиска програма „Земјотресно инженерство“ трет циклус на студии 180 ЕКТС - линк
8. Решение за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни, едно и пол годишни и двегодишни студии по Конструктивно инженерство со асеизмичко проектирање - линк
9. Решение за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии и трет циклус тригодишни студии по Земјотресно инженерство - линк
10. Решение за почеток со работа на студиските програми од втор циклус двегодишни студии и студиска програма во траење од година и пол по Земјотресно инженерство - линк
11. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и втор циклус на УКИМ - линк
12. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на трет циклус на УКИМ - линк

| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |
|---|---|

Во ИЗИИС податоците за број на студенти кои се запишуваат и завршуваат на студиските програми од втор и трет циклус, бројот на предмети и оценки по пооделните предмети континуирано се следат и користат за донесување соодветни одлуки и системски решенија поврзани со процесот на едукација на ИЗИИС. Овој процес е овозможен со формирањето на студентските досиеја кои во ИЗИИС се водат во електронска и хартиена форма, како и со интерно развиената алатка е-студент која овозможува увид во состојбата и процесот на студирање на студентите (видете индикатор 4.2).
Од страна на службите на ИЗИИС се креира и е-архива која обезбедува систематизација и архивирање на документацијата во електронска форма за секој студент одделно. Е-студент заедно со е-архива овозможуваат синтетизирање и организирање на податоците на студентите и ги обезбедуваат сите потребни функционалности за организирана, ефективна и ефикасна работа со студентите. Во ИЗИИС, за втор циклус на студии, се користи и воспоставениот електронски систем на евиденција - IKNOW системот на УКИМ.

Втор циклус на студии:
Во учебната 2023/2024 на втор циклус на студии во двата уписни рока се запишале вкупно 20 студенти на единствената акредитирана двогодишна програма ЗИ. Вкупниот број на предмети е 15, од кои 10 се задолжителни а 5 се изборни, од кои еден изборен предмет студентот го бира од предложените предмети на универзитетската листа, а останатите 4 ги бира од листа со вкупен број од 10 изборни предмети. Во извештајниот период за студентите и од првиот уписен рок реализирана е наставата за 10 предмети а за оние од втор уписен рок за 5 предмети. Од приложените статистички податоци, (прилог табела 2.9Б) видлива е шареноликост во постигнатиот успех што го рефлектира квалитетот на кандидатите.

Согласно податоците на ИЗИИС во извештајниот период (2023-2024) на вториот циклус на студии вкупно магистрирале 4 студенти.

Трет циклус на студии:
На акредитираната програма „Земјотресно инженерство“ (ЗИ) на трет циклус на студии, бројот на запишани студенти во учебната 2019/2020 е 6, во учебната 2020/2021 е 0, во учебната 2021/2022 е 4, во учебната 2022/2023 е 1 и во учебната 2023/2024 е 4.

Согласно податоците на ИЗИИС во извештајниот период (2023-2024) на третиот циклус на студии вкупно докторирале 8 докторанди.

**Прилози**:

1. IKNOW систем - линк
2. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2020-30.09.2021 бр. 08-2036/1 од 17.12.2021 - линк
3. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2021-30.09.2022 - линк
4. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2022-30.09.2023 бр. 09-1960/1 од 15.12.2023 - линк
5. Прилог 2.9.А. Статистички податоци - линк
6. Прилог 2.9.Б. Просечни оценки по предмети - линк
7. Прилог 2.9.В. Причини за напуштање на студиите - линк

## Стандард 3

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.</td><td>Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Механизам 1 – Јасно дефинирани надлежности во Статутот на УКИМ-ИЗИИС<br>Механизмите кои обезбедуваат процес на изведување на програмите на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во процесот на учење е обезбеден преку повеќе акти и документи – кои доследно се спроведуваат во практика. Во Статутот на УКИМ-ИЗИИС јасно се дефинирани надлежностите на Институтот меѓу другото и во насока на научната и образовната дејност.<br>Механизам 2 – Јасно дефинирани активности кои се предмет на оценување низ:<br>▪ Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2019.<br>▪ Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, декември 2020.<br>▪ Акредитираните студиски програми за втор и трет циклус студии<br>При изведување на наставата се користат интерактивни методи и тоа семинарски трудови, вежби, а особено внимание се посветува истражувачките проекти и дискусиите. Предметните програми го прецизираат завршното оценување кое е јавно и транспарентно, и се одвива во однапред дефинирани термини кои се комуницираат до студентите. При тоа се практикуваат дискусии и презентации на изработените семинарските трудови и проектни задачи со што се поттикнува културата на споделување на знаења и конструктивна дискусија.<br>Елаборати по студиските програми каде јасно се наведени начините и механизмите, односно што може да биде предмет на оценување - вежби, практична работа, презентација, теренска настава, проектни задачи и многу други работи предвидени во предметната програма.<br>Механизам 3 – Директно информирање на студентите преку интернет страната на институтот, каде студентите се информираат за тековни активности од втор и трет циклус на студии.<br>▪ Конкурс за упис на втор циклус и трет циклус студии на УКИМ<br>▪ Конкурс за стипендирање на втор и трет циклус на студии<br>▪ Јавна одбрана на магистерски трудови и докторски трудови<br>▪ Информација за годишни конференции и работилници<br>▪ Ден за кариерен развој<br>▪ ЕРАСМУС + мобилност<br>Директно информирање на студентите на трет циклус студии преку веб страната на УКИМ-ИЗИИС за Правилата на студирање, Програмата на докторските студии, Структурата на докторскиот труд, Водичот за студирање на трет циклус на студии и Пријава за годишна конференција..</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>1. Статут на УКИМ-ИЗИИС во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк<br>2. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк<br>3. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – линк<br>4. Документи за студирање на студии од втор и трет циклус во УКИМ-ИЗИИС. -линк<br>5. Водич за студентите на трет циклус на студии - линк</td></tr>
<tr><td>3.2. Установата ја почитува различноста на</td><td>Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Почитување на различноста на студентите и нивните потреби овозможува флексибилен пристап на учење со користење на различни модели на настава и мноштво педагошки методи.

1) Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје (член 25 -31) се наведени и детално елаборирани начините преку кои може да се изведува наставата (иако не се ограничува само на истите), како предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, теренска настава, курсеви и сл. Се остава флексибилност и за вклучување (со физичко присуство или виртуелно) на предавачи и гости од други високо образовни и институции во наставата. Во склоп на повеќе склучени меморандуми за соработки со Универзитети од странство се овозможува непречена размена на кадар и искуства во текот на целиот наставен период. Во продолжение се наведени неколку неодамнешни позитивни примери на ваквата практика:

- Февруари 2023 - во рамки на работилница на тема „Сеизмичка изолација, истражувања и нејзина примена" беа одржани десетина предавања од експериментални истражувања и искуства од имплементирани системи за сеизмичка изолација од страна на претставниците од Јапонската асоцијација за сеизмичка изолација (JSSI).
- Јуни 2023 - одржано повикано предавање од д-р Лауренциу Данчу од ETHZ (Швајцарски федерален институт за технологија – Цирих) на тема „Новиот развој и Европските напори во хармонизацијата на сеизмичкиот хазард и ризик, нивната важност и регионалната импликација на новите Европските модели"
- Март 2024 - одржано предавање од д-р Давор Станко од Геотехнички факултет во Вараждин, Универзитет во Загреб
- Мај 2024 - во рамки на работилница на тема „Seismic Assessment and Retrofitting of Masonry and Preserved Structures" подржана од Советот на Европа беа одржани 6 предавања од експерти од Грција, Србија и Македонија.
- Соработка со Метрополитан Универзитетот во Тирана, одржан курс и тренинг од страна на наставниот кадар на ИЗИИС на овој Универзитет во Албанија (мај/јуни 2024).
- Соработка со Градежниот факултет , Универзитет во Подгорица, Црна Гора.
- Соработка со Azerbaijan University of Architecture and Construction in Baku, Earthquake Engineering Scientific Research Center Republic of Azerbaijan.
- Соработка со Civil Engineering Department, Democritus University of Thrace (DUTh), Xanthi, Greece.
- 7-12ти Јули 2024 Summer School – Hans on Experience in Architecture, Faculty of Architecture, University Bahcesehir, Istambul, Turkey
- Training course in the frame of COST Action 2022 - CA15202 - Self-healing As preventive Repair of COncrete Structures (SARCOS), каде учествуваа 3ца студенти од трет циклус.

Еразмус + договори:

- Универзитетот во Патрас, Грција (2023/2024 – 2028/2029)
- Универзитетот во Тракија, Грција (2023-2029)
- Универзитетот во Осијек, Хрватска (2023/2024 – 2028/2029)
- Универзитетот во Подгорица, Црна Гора (2022-2029)
- Универзитетот во Бари, Италија (2023/2024 – 2028/2029)
- Универзитетот во Наполи, Италија (2022/2023-2028/2029)
- Универзитетот во Павиа, Италија (2021-2027)

2) Деталните начини во пристапите и флексибилност во учењето/наставата согласно потребите на студентите се дел од Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма (видете индикатор 2.2)

3) Иновативни методи во изведување на наставата

Студиските програмите, покрај традиционалните, користат и посебни и иновативни пристапи во наставата. Со оглед на фактот што студентите на втор и трет циклус на студии се вработени и располагаат со одредено практично искуство, во текот на изведување на наставата се настојува да се комбинира веќе стекнатото

практично искуство и да се продлабочуваат истражувачките и критичките компетенции на студентите, како во изработката на семинарските трудови, проектните задачи, така и во изработката на магистерскиот и докторскиот труд. На овој начин студентите, критички и стратешки размислуваат и се насочуваат кон донесување на рационални одлуки. Во наставниот процес се користат и современи дигитални технологии, како на пример VR, следење и учество во експериментални тестирања од далечина, обуки за користење на современа лабораториска опрема, ламинарен контејнер, сеизмичка платформа, земјотресна мобилна лабораторија итн.
Со користење на современа литература, истражувања, експерименти во Лабараториите на УКИМ-ИЗИИС, како и користење на современа опрема со практична примена е овозможено на преточување на теоријата во пракса со цел за понатамошно академски надградување. Исто така самите студенти имаат можност во текот на своето студирање да бидат дел од курсеви за стручно усовршување како и мобилност во рамките на Еразмус + програмата. Неколку неодамнешни позитивни примери на ваквата практика се дадени во продолжение:

- Bauhaus Summer School , Германија, 2023 , два кандидати од ИЗИИС
- Performance-Based Earthquake Engineering, 23 January – 3 February, Pavia, Italy, 2023 (студиски престој)
- PhD Advanced Training Courses ($14^{th}$ March – $18^{th}$ March, 2022 and 13th February – 6th March 2023) - Courses for Applied and computational mathematics in engineering application, in part of the PARFORCE project at the Department of Mathematics, University of Aveiro, Portugal (со физичко присуство и виртуелно)
- Учество на Regional International Training Course for the Balkan region (International Training Course on Seismology and Seismic Hazard, Montenegro 2023) во организација на GFZ-Potsdam, Германија
- M.Sc. Pilot Course | Experimental Testing Based on Impact and Resistance: Wind, Fire and Earthquake, PARFORCE project, 12.10.2022-01.04.2023 (3 студенти со физичко присуство).

4) Флексибилноста кон студентите се осигурува имајќи предвид дека им е овозможено испитите и консултациите да ги остваруваат и во попладневните часови, па испитите, предавањата и консултациите се закажуваат и по 17.00 часот или во договор со предметните наставници.

**Прилози:**

1. Статут на УКИМ-ИЗИИС во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк
2. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк
3. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – линк
4. Документи за студирање на студии од втор и трет циклус во УКИМ-ИЗИИС - линк
5. Водич за студентите на трет циклус на студии - линк
6. Еразмус + договори - линк
7. Линк до елаборатите за студиските програми на ИЗИИС, во кој се прикажани предметните програми за сите студиски програми се дадени во рамки на индикатор 2.2
8. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2020-30.09.2021 бр. 08-2036/1 од 17.12.2021- линк
9. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2021-30.09.2022 - линк
10. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2022-30.09.2023 бр. 09-1960/1 од 15.12.2023-линк
11. CA15202 - Self-healing As preventive Repair of COncrete Structures (SARCOS)

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Наставата се темели на интерактивно учење ориентирано кон студентите. Во рамките на секоја студиска програма јавно и транспарентно се објавени општите и специфичните дескриптори. За секоја студиска програма

се елаборирани целите, компетенциите, вештините кои треба да ги обезбеди, начинот на кој го остварува истото (каде посебен е фокусот на пристапите кои обезбедуваат и интерактивно учење насочено кон студентот).
Во елаборатите на студиските програми предвидени се посебни начини на фокусираност на наставата кон интерактивно учење, како и пристап на учењето кој е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции .
Ваквиот пристап е својствен за секоја студиска програма на втор и трет циклус на студии со јасно се наведени начините и механизмите, односно што може да биде предмет на оценување - вежби, практична работа, презентација, теренска настава, проектна работа и многу други работи предвидени во предметната програма.
Сите овие можности се применуваат од страна на УКИМ-ИЗИИС и тоа од секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики - каде се става посебен фокус на интерактивноста и интердисциплинарноста на пристапите.
Дополнително можноста да се запишуваат студенти и од различни технички факултети овозможува интердисциплинарен пристап, како на пример, студенти со завршен архитектонски факултет, машински, електро факултет претставува успешна приказна за интердисциплинарниот пристап базиран врз студии на случај. Голем дел од истражувањата се базираат на проектни активности во рамките на европски проекти. Како пример се дадени следните, каде студентите на втор и трет циклус имаа можност на бидат дел од виртуелна училница и виртуелна лабораторија и да следат предавања и експерименти.

- Partnership for virtual laboratories in civil engineering”, PARforCE / Партнерство за виртуелни лаборатории во студиските програми по градежништво. Call 2020 Round 1 KA2 - Cooperation for innovation and the exchange of good practices, Европска Комисија, ERASMUS+ Strategic Partnership. KA226- Partnership for Digital Education Readiness, ID: KA226-409D7578. Времетраење на проектот: 24 месеци, од 01.06.2021 до 31.05.2023. Во рамките на проектот PARforCE/Партнерство за виртуелни лаборатории во студиските програми по градежништво, од ERASMUS+ програмата за стратешки партнерства, хибридно се реализираа два напредни докторски тренинг курсеви во Авеиро (2022, 2023) на кои зедоа учество 9 докторанди од ИЗИИС и 2 наставници, како предавачи и еден магистерски курс во Бохум и Вајмар (2022-2023) на кој зедоа учество 3 магистранти од ИЗИИС и 8 наставници, како предавачи. Основната цел на проектот е да се овозможи виртуелен пристап до инженерски лаборатории за студентите по градежништво од партнер земјите и други заинтересирани институции.
- ERIES - Engineering Research Infrastructures For European Synergies HORIZON-INFRA-2021-SERV-01-07, Research infrastructures services advancing frontier knowledge, Координатор Istituto Universitario di Studi Superiori di Pavia, IUSS, Павиа Италија и 12 партнери. ИЗИИС е партнер институција. Почеток на проектот 01-06-2022 г. време на реализација 48 месеци. Во рамките на проектот се објави и првиот повик за аплицирање на предлози за т.н. Transnational access to advanced research infrastructures. Основната цел на проектот е да се обезбеди пристап до 12 истражувачки центри за напредни експериментални истражувања на физички модели.

Институтот во овој проект ги отвора вратите на своите лабораториски капацитети, пред се на вибро платформата и ламинарниот контејнер и овозможува на голем број студенти од втор и трет циклус активно да ги следат проектите и тестирањата и на тој начин да ги прошират своите видици и вештини. Во рамките на овој проект се работат 3 доктората како и не е исклучена можноста да биде проширен бројот со поголем број на магистерски и докторски тези.
Како додадена вредност на наставно образовниот процес е ориентацијата кон потребите на индустријата и градежниот сектор. Во предметните програми е вклучена соработка со професионални организации од стопанството, индустријата, стандардизацијата, со владини институции, со професионални асоцијации и друштва, преку учество на студентите во заеднички проекти, преку стручни посети, посетеност на обуки и сл.
Студентите учествуваат во оценувањето на квалитетот на наставно образовниот процес преку спроведување на анкети во рамки на самоевалуацијата. Основна цел на самоевалуацијата е да го процени квалитетот на образовниот и на научно-истражувачкиот процес на вториот и третиот циклус студии на УКИМ-ИЗИИС. Согласно резултатите на анкетите и координација меѓу повеќе наставници на секој предмет се согледуваат можности за адаптација во иднина, со цел да се унапреди наставниот процес. Исто така, иако не е пропишано со Статутот на УКИМ и ИЗИИС, двајца претставници на студентите учествуваат во работата на Научниот совет без право на глас. На ваков начин Институтот обезбедува поголема транспарентност во работата и подобра информираност на своите студенти.

**Прилози:**

1. Студентска служба УКИМ-ИЗИИС - линк

2. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк
3. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – линк
4. Документи за студирање на студии од втор и трет циклус во УКИМ-ИЗИИС - линк
5. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2020-30.09.2021 бр. 08-2036/1 од 17.12.2021- линк
6. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2021-30.09.2022 - линк
7. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2022-30.09.2023 бр. 09-1960/1 од 15.12.2023-линк
8. Проект PARFORCE - линк
9. Проект ERIES - линк

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

Во елаборатите на секоја студиска програма, детално се утврдени и елаборирани механизмите /алатките на оценување. За секоја студиска програма јавно и транспарентно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати резултати.
Согласно Елаборатите за секоја студиска програма, Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2019, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, декември 2020, јасно се наведени и детално елаборирани кој е предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача, семинарски трудови, теренска настава, итн.), понатаму и детално е елаборирано како се пријавува, како се изведува испитот, и се наведени кои се обврските на засегнатите страни/наставникот во целиот процес на оценување.
Наведените постапки се почитуваат од страна на наставниот кадар на УКИМ-ИЗИИС, во секоја посебна студиска програма на втор и трет циклус на студии согласно нејзините специфики.
Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Во Елаборатите за секој посебен предмет може да се видат и предметните наставници за секој од предметите - што укажува дека е обезбедено секоја од предметните дисциплини да има можност за повеќе испитувачи.
Дополнително, на почетокот на предавањата на секој семестар, одговорните наставници на сите наставни предмети детално ги запознаваат студентите со Годишната програма за работа за соодветниот предмет каде што составен дел покрај релевантната литература, начинот на изведување на наставата, преставува и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет и кои се елементите кои се валоризираат при сумирање на завршната оцена.

**Прилози**:
1. Статут на УКИМ-ИЗИИС во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк
2. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк
3. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – линк
4. Документи за студирање на студии од втор и трет циклус во УКИМ-ИЗИИС. -линк
5. Водич за студентите на трет циклус на студии. - линк
6. Линковите за сите Елаборати по студиските програми е даден во индикатор 2.2.

7. Прилог 3.4А - Преглед на методите на оценување и испитување на студентите (во %) на ниво на установа - линк
8. Прилог 3.4Б Листа на предмети и методи на оценување и испитување на студентите - линк

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериуми и методи на вреднување и оценување на студентите се однапред транспарентно објавени, елаборирани и познати. Во Елаборатите на секоја студиска програма, Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2019, Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, декември 2020 и Одлука за правила на студирање на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, јасно се наведени критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите. Истите се објавени на веб страната на ИЗИИС.
Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани и во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Тука јасно и детално за секоја студиска програма се елаборирани пристапите во оценување и(начинот на формирање на оцена на студентите - и нивната прилагоденост согласно целите на секој посебен предмет.

**Прилози**:

1. Статут на УКИМ-ИЗИИС во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк
2. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк
3. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – линк
4. Документи за студирање на студии од втор и трет циклус во УКИМ-ИЗИИС -линк
5. Водич за студентите на трет циклус на студии - линк
6. Линковите за сите Елаборати по студиските програми се дадени во индикатор 2.2.

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Оценувањето се врши конзистентно и праведно за сите студенти, следејќи ги сите пропишани процедури. Во Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 2019 година, како и во Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од декември 2020 година, детално се наведени и објаснети што е предмет на оценување (вежби, практични задачи, семинарски трудови, теренска настава, проекти итн.), како и процедурата за пријавување и спроведување на испитите, испитните рокови, јавноста на испитите, поднесување и разгледување на приговори, комисиско полагање, завршно оценување и обврските на сите инволвирани страни. Оваа рамка за оценување се почитува од страна на вработените во ИЗИИС, прилагодувајќи ја на специфичностите на секоја студиска програма.
Завршното оценување е прецизирано во предметните програми, јавно и транспарентно, и се одвива во однапред дефинирани термини кои се комуницираат до студентите. Покрај традиционалните методи на проверка на знаењето (писмени и усни испити, колоквиуми, тестови, семинарски работи и сл.), се практикуваат и дискусии, презентации и јавни одбрани на изработените проектни задачи пред други колеги студенти со што се поттикнува културата на споделување на знаења и конструктивна дискусија.

За двата образовни циклуси задолжителна е изработка на завршен труд, магистерски и докторски, соодветно. Темите ги следат актуелните текови во земјотресното инженерство и инженерската сеизмологија и се избираат во договор со менторот. Истите се изработуваат во писмена форма со висок технички квалитет и се бранат пред соодветни Комисии назначени од Научниот совет. Широко е распространета практиката на учество на професори, надвор од академската заедница на ИЗИИС, од сродните области во земјава и од странство.
Начинот на оценување е адаптиран според целите на секој предмет. За секоја студиска програма, јавно и транспарентно се презентираат методите на оценување, што им овозможува на студентите да покажат до кој степен ги постигнале предвидените резултати.
Студентите добиваат повратни информации при изработка на нивните семинарски трудови, консултации и работа на теми поврзани со тезите. Семинарските трудови се поднесуваат на наставниците, од кои студентите добиваат повратни информации електронски или на испитот. При изработка на тезите, студентите добиваат насоки и корекции од страна на менторот и коменторот. Оценките им се соопштуваат на студентите веднаш по испитот, кој најчесто се спроведува усно пред двајца наставници. Студентите имаат право на увид и консултации за подобрување на нивните знаења.
Оценувањето овозможува студентите да ги покажат своите достигнувања. Начините на оценување за секоја студиска програма се детално опишани во Елаборатите за акредитација, каде што се наведени и пристапите кон оценувањето и прилагодувањето кон целите на секој предмет. Наставниците задолжени за секој предмет се исто така наведени, што придонесува кон унапредување на процесот на оценување.

**Прилози**:

1. Статут на УКИМ-ИЗИИС во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк
2. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк
3. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – линк
4. Документи за студирање на студии од втор и трет циклус во УКИМ-ИЗИИС -линк
5. Водич за студентите на трет цикус на студии - линк
6. Линковите за сите Елаборати по студиските програми е даден во индикатор 2.2.
7. Просечни оцени по предмет во академска 2023/2024 година – линк (Прилог 2.9Б)

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Процедурата започнува со барање за остварување на некое свое право, кое студентот го поднесува до директорот, во писмена форма, придружено со соодветна документација. Директорот одлучува во рок од 30 дена од приемот на барањето. Доколку директорот не одлучи во утврдениот рок, наредниот ден по истекот на рокот, студентот има право истото барање да го поднесе до Институтската управа, која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето.
Против решението на директорот, студентот има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на решението до Институтската управа, која е должна да одлучи на првата наредна седница од приемот на барањето. Решението на Институтската управа е конечно. Во име и за сметка на студентот, барањата за остварување на некое право може да ги поднесе и друго лице кое поднесува изјава дека настапува во име и за сметка на студентот.
ИЗИИС ја регулира процедурата за пријава на корупција согласно Правилникот за работата и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во последните 5 години, нема поднесено жалби од страна на студенти, вклучувајќи и корупција (види прилог 6).

**Прилози**:

1. Правилникот за работата и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк
2. Статут на УКИМ-ИЗИИС во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк

3. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - линк
4. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – линк
5. Документи за студирање на студии од втор и трет циклус во УКИМ-ИЗИИС -линк
6. Линк ИЗИИС за корупција - линк

## Стандард 4

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.</td><td>Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">При реализацијата на образовната дејност во рамки на вториот циклус, ИЗИИС во целост го применува Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во него јасно се утврдуваат сите релевантни аспекти за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв и на втор циклус студии (постдипломски студии), како и на интегрираните студии на првиот и вториот циклус на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, бр. 417/2019 година).<br>Активностите во однос на третиот циклус на студии (докторски студии) на ИЗИИС се реализираат согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Со овој правилник се регулираат организацијата, постапката, координацијата и реализацијата на докторските студии, потоа условите и начинот на запишување на студентите, структурата на студиите, постапката на пријавување, изработка и одбрана на докторскиот труд, како и називот на научниот степен доктор на науки.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>1. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк<br>2. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк</td></tr>
<tr><td>4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.</td><td>Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Следењето и водењето на евиденција за напредокот на студентите на втор и трет циклус студии на ИЗИИС се врши согласно дефинираната рамка во:<br>▪ Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18);<br>▪ Правилникот за водење евиденции за високото образование, донесен од министерот за образование и наука, врз основа на член 201 став (4) од Законот за високото образование,(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18);<br>▪ Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;<br>▪ Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје<br>Согласно Член 159 од Законот за високо образование, ИЗИИС води матична книга на запишани студенти, главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Тие се уредени со Правилникот за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти, донесен од министерот за образование и наука („Службен весник на Република Македонија“ бр. 102/18). Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти се</td></tr>
</table>

документи од трајна вредност.

Во согласност со наведените прописи на ИЗИИС се води студентско досие (во електронска и хартиена форма) каде што може јасно да се види, односно да се следат сите активности поврзани со напредокот на студентот во текот на студирањето.

Во рамки на процесите за дигитализација во ИЗИИС е развиена и интерната алатка е-студент која овозможува увид во состојбата и процесот на студирање на студентите од втор и трет циклус студии. Главна цел на оваа алатка е да го подобри и олесни процесот на водење на студентот и да ја зголеми ефикасноста на службата која работи со студентите. Врз основа на прегледите кои ги генерира може да послужи и како “data-provider” за носење на системски решенија поврзани со процесот на едукација на ИЗИИС. Системот има повеќе креирани функционалности.

Како надополнување на е-студент, од страна на службите на ИЗИИС, се креира е-архива која обезбедува систематизација и архивирање на документацијата во електронска форма за секој студент одделно.

Е-студент заедно со е-архива овозможуваат синтетизирање и организирање на податоците на студентите и ги обезбедуваат сите потребни функционалности за организирана, ефективна и ефикасна работа со студентите. Во моментот, алатката обезбедува информатичка поддршка на работата на административната служба, поврзана со втор и трет циклус на студирање на ИЗИИС, со фокус на студентот.

На ИЗИИС исто така се користи и воспоставениот електронски систем на евиденција - IKNOW системот на УКИМ.

**Прилози:**

1. Закон за високо образование - линк
2. Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - линк
3. Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - линк
4. Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на Запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти - линк
5. Студентско досие во електронска и хартиена форма (согласно Член 159 од Законот за високо образование)
6. IKNOW систем - линк

Влезен прозорец и прозорец за прегледи од интерната алатка е-студент:







| | |
|---|---|
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |

Во Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) и Правилниците за студирање на втор и трет циклус на УКИМ уредени се напредувањето за време на студиите, преминот од една програма во друга студиска програма, повторувањето на семестарот, презапишувањето на предмети, односно условеното напредување, продолжувањето на студиите по прекинувањето, ,признавањето на испитите и другите

образовни активности положени, односно реализирани на различни образовни установи, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање.
Информациите за определени образовни активности и реализирана мобилност се евидентираат во студентското досие (кое го води службата за студентски прашања). Ова досие се води за секој студент, при што се евидентираат сите претходни и сегашни образовни активности и мобилности. Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите (посебно оние кои се однесуваат на ЕРАСМУС + програмата). Во рамки на оваа програма УКИМ секоја година распишува конкурс за доделување стипендии за студенти за студиски престој на високообразовните институции во ЕУ, со кои УКИМ има потпишано билатерални договори. Студентите на ИЗИИС се информираат за можноста преку веб страната на Институтот и на УКИМ.
Согласно постојната регулатива во областа на високото образование нема правна обврска за евиденција и признавање на неформалното образование. Сепак ИЗИИС континуирано го поддржува процесот на неформално и доживотно учење и води своја интерна евиденција (видете Прилог 4.3 и 9.1Б). Во академската 2023/2024г. тројца студенти реализирале мобилност во рамки на ЕРАСМУС- програмата, при што на двајца им се признати 28 односно 25 кредити, соодветно (Прилог 4.3). Во периодот од 2020-2024 г., вкупно 20 студенти реализира мобилност поддржани од различни инструменти на ЕРАСМУС+ програмата. Од нив, на шестмина е признато формалното образование стекнато со мобилноста (Прилог 9.1Б). Институтот дава можност за неформално/практично образование на студентите во делот на научноистражувачката работа преку нивно вклучување во реализација на проекти, експериментални истражувања, како и можноста за објавување на научни/стручни трудови (самостојно или во коавторство со професорите).

**Прилози:**

1. Закон за високо образование - линк
2. Конкурс за студентска мобилност во рамки на ERASMUS+ програма - линк
3. Прилог 4.3 Листа на студенти на кои им се признати неформалното и формалното учење, вклучувајќи и за време на мобилност - линк
4. Прилог 9.1Б Листа на студенти кои користеле мобилност, прикажани по студиски програми во последните пет години, за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција домаќин, студиска програма), вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+ - линк

| | |
|---|---|
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |

Студентите на ИЗИИС по завршувањето на студиите добиваат документација во која се наведени сите релевантни информации за стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, стекнатиот степен на образование, содржината и статусот на успешно завршените студии.
Во Законот за високо образование - Оддел 5, Член 155 („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), е утврдена рамката и содржината на дипломата, уверението и додатокот на диплома. Содржината и формата на дипломата и упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи определени со овој закон се уредени со посебен Правилник. Врз основа на Член 155 став 10 од Законот за високо образование, Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи донесува министерот надлежен за работите на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/18).
Документацијата која ја издава ИЗИИС е согласно оваа законска регулатива и истата е сеопфатна, јасна и разбирлива, а документите кои се издаваат (дипломата, уверението и додатокот на диплома) ги содржат сите неопходни информации за завршените студии. Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма е наведен во Елаборатите и Решенијата за акредитација на соодветната студиска програма.

**Прилози:**

1. Закон за високо образование - линк
2. Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи - линк

# Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[1] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Наставно-научниот кадар на Институтот за Земјотресно Инженерство и Инженерска Сеизмологија при УКИМ (УКИМ-ИЗИИС), во последната учебна година (2023/2024 година) беше активно вклучен во реализација на настава на втор и трет циклус на студии. Ангажираниот наставен кадар забележа промени во однос на бројноста на наставниците која изнесува 31 лица односно 10 редовни професори, 5 вонредни професори, 3 доценти и 13 соработници. Истовремено, дојде до промени во однос на застапеноста на редовните и вонредните професори, како и на доцентите, кои беа придружени со демографско стареење на кадарот во услови на ограничени можности за вработување на наставен и соработнички кадар. Наставата во УКИМ-ИЗИИС во учебната 2023/2024 година ја реализираа 18 наставници, од кои 10 редовни професори (на возраст од 44-61 година) 5 вонредни професори (на возраст од 34-51 година) и 3 доценти (на возраст од 32-39 години). Сите наставници кои ја реализираа наставата во периодот 2023/2024 година имаа звање доктор на науки од соодветната област и во Институтот се вработени со полно работно време. Во однос на структурата на постојниот наставен кадар може да се констатира дека денес Институтот располага со искусен и компетентен кадар, кој на магистрантите и докторандите може да им го пренесе своето долгогодишно и богато искуство при унапредувањето на нивните вештини и компетенции, но да им пренесе и знаење по основ на повеќедецениската научноистражувачка работа. Сепак, треба да се има предвид дека градењето на компетентен наставен кадар е долг процес и затоа треба да се интензивираат напорите за прием на нови наставници и соработници во насока на постепено ублажување на постојниот несразмерен соднос на бројот на наставници од одделни звања. | |
| **Прилози:**<br>1. Биографии на ангажираниот наставен и соработнички кадар кадар – линк<br>2. Табела – одлуки за избор во звање за наставно-научниот кадар и соработниците –линк<br>3. Список на предмети по професор – втор циклус студии (Редовни професори, Вонредни професори, Доценти) - линк<br>4. Список на предмети по професор – трет циклус студии (Редовни професори, Вонредни професори, Доценти) –линк<br>5. Табела - звање и научна област во која е избран наставно научниот кадар и соработниците - линк | |
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област. | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| УКИМ-ИЗИИС во своето 59 годишно постоење континуирано ја унапредуваше својата издавачка дејност. Во последните пет години овој тренд продолжи во сите сегменти, а евидентен е зголемениот ангажман на наставно-научниот кадар во објавувањето на трудови во референтни научни публикации. Големиот број на објавени посебни публикации во периодот 2018-2023 година беше збогатен со голем број на нови наслови. Во најголем дел од нив | |

1 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

се претставени резултати од истражувања, односно проекти и студии, 3 учебни помагала и монографии и 1 книга. Во овој период УКИМ-ИЗИИС го одбележа 55 годишното постоење и по тој повод објави монографија под наслов „55 години ИЗИИС ЗА Скопје“. Што се однесува на научните трудови во референтни научни публикации (согласно член 2, т. 21 од ЗВО) на наставниот и соработничкиот кадар во последните пет години (2018-2023 година), истите се прикажани групирани по категории предвидени во чл. 2.т 21 (А-Ѓ) од ЗВО.

**Прилози:**

1. Прилози 5.2.А и 5.2 Б - (список на објавени публикации) - линк

<table>
<tr><td>5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава.</td><td>Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.[2];<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.</td></tr>
</table>

Во наставниот процес кадарот на УКИМ-ИЗИИС е вклучен во реализација на образовни активности на втор и трет циклус на студии. При ангажирањето на наставниот кадар се води сметка за неговата оптовареност согласно Законот за високо образование (член 161). Прегледот на бројот на предметите кои секој наставник ги предавал во текот на годината (по семестри) на втор и трет циклус на студии покажува дека во последните пет години во Институтот нема професори кои имаат повеќе од 4 предмети во текот на еден семестар (Прилог 5.3). Врз основа на прегледот во Прилог 5.3 може да се констатира дека станува збор за релативна избалансираност на оптовареноста на наставниот кадар во последните пет години на вториот циклус согласно поставените норми и стандарди. Таа е условена од малиот број на запишани студенти и трендот на намалување на нивниот број од година во година, како и на нивната различна ориентираност кон студиските програми во одделни години. Во однос на оптовареноста на наставниот кадар на Институтот на третиот циклус на студии, која исто така е согласно поставените норми и стандарди, значајно е да се укаже дека докторантите за секој предмет на докторски студии имаат можност да изберат од листа на повеќе професори. Во вакви околности релативно мала е можноста за поголема оптовареност, односно зголемен индивидуален ангажман на еден наставник во текот на семестарот. Во делот на менторствата, исто така, се води евиденција да не се надминуваат пропишаните одредби во Законот за високо образование (член 134 и член 135), според кои еден наставник може да има 12 менторства на втор циклус студиии и 3 менторства на трет циклус на студии.

На втор циклус на студии во УКИМ-ИЗИИС во извештајниот период се реализираа повеќе акредитирани студиски програми, кои имаа за цел да ги пресретнат потребите и барањата на пазарот на трудот. На сите студиски програми беа реализирани двегодишни студии (120 кредити, четири семестри), со различен број на часови за задолжителните иизборните предмети. Индивидуалниот ангажман на наставниот кадар во УКИМ-ИЗИИС според бројот на часови, на вториот и третиот циклус на студии, треба да се види во контекст на претходно изнесените информации во однос на бројот на предмети по наставник во текот на еден семестар (Прилог 5.3.), како и бројот на запишани студенти на одделни студиски програми.

**Прилози:**

1. Прилог 5.3 (втор циклус) - преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавал - линк
2. Прилог 5.3 (трет циклус) - преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавал - линк
3. Прилог - (список на менторства) - линк

<table>
<tr><td>5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување,</td><td>Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана</td></tr>
</table>

2 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| | |
|---|---|
| преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |

При вработувањето на наставен и соработнички кадар, како и при изборите, реизборите и унапредувањето на наставниците и соработниците, УКИМ-ИЗИИС во целост ги почитува критериумите, стандардите и обврските коишто произлегуваат од Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Статутот на УКИМ-ИЗИИС, Правилникот за систематизацијата на работните места во институтот, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје. Од аспект на ангажирањето, односно вработувањето на нов наставен и соработнички кадар Институтот доследно ги почитува строгите законски нормативи, грижејќи се за квалитетно и навремено спроведување на постапките согласно предвидените рокови.

Прегледот на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кој се однесува на периодот 2018-2023 година, потврдува дека во УКИМ-ИЗИИС се воведени транспарентни, јасни и во согласност со законските нормативи, процеси на унапредување, односно избор на наставниот кадар во повисоки звања и на постапки за нови вработувања на наставници и соработници кои овозможуваат еднакви можности. Во прегледот хронолошки се претставени објавените конкурси и бројот на избрани кандидати во последните пет години (Прилог 5.4). Притоа, забележливо е дека на секој конкурс се пријавило по едно лице, односно дека немало противкандидати кои аплицирале на истиот конкурс, а со тоа и немало постапки по приговори од останати кандидати. Независно од тоа, постапката и роковите се целосно почитувани и се во согласност со актите за напредување на постојниот наставен кадар и вработување на нови наставници и соработници. Во насока на транспарентност на постапките за избор на наставниот кадар во повисоки звања и за нови вработува сите рецензентски извештаи за избор заедно со одлуката за избор може да се најдат онлајн на профилите на сите избрани лица на веб страницата на УКИМ. Во овие документи јасно се претставени аргументите зошто била избрана во повисоко звање или вработена одредена личност во научно или соработничко звање и да се провери исполнетоста на критериумите за направениот избор. Во насока на доследна примена на измените во регулативата и на актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институтот континуирано ги ревидира актите со кои се регулираат сите сегменти на неговото делување,вклучително и процесите на избор во звања и нови вработувања кои овозможуваат еднакви можности. Во последните пет години дојде до големи промени во делот на законските нормативи. Имено, по донесувањето на новиот Закон за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), усвојувањето на новиот Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“, бр. 444 од 9.10.2019 година) и промената на другите акти на Универзитетот, следеше процес на усогласување на сите релевантни акти со кои се доуреди внатрешната организациска поставеност на УКИМ-ИЗИИС.

Кадровската политика на УКИМ-ИЗИИС во последните години беше насочена кон реализација на транспарентни постапки за напредување на постојниот наставен кадар согласно законските нормативи, актите на Универзитетот и актите на Институтот, како и добивање на согласности за вработување на нов наставен, соработнички и стручен кадар. При процесите на селекција и избор во целост се почитува Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручнии соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде се пропишани сите детали околу критериумите за избор, а кои првенствено се базираат на квалитет при изборот во повисоки звања на постојниот кадар и вработување врз основа на еднакви можности.

**Прилози**:

1. Прилог 5.4 - Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања - линк

| | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедуван на соодветни работни услови за наставниот када<br>Кадарот располага со соодветна информатичка опрем пристап до релевантни електронски бази ( областа/студиската програма, соодветни простори | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во |

| | |
|---|---|
| услови како и други ресурси релевантни за нивна работа. | установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |

Обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот и соработничкиот кадар е регулирано со Статутот (Прилог  и другите релевантни акти на УКИМ-ИЗИИС). Во постојните простории УКИМ-ИЗИИС делува скоро шест децении и во континуитет настојува да го прилагоди расположливиот простор и да ги унапреди материјално-техничките услови за работа, како на наставниот и соработничкиот кадар, така и на вработените во административниот сектор. За реализација на образовниот процес наставниот кадар има на располагање две училници кои имаат можност да бидат споени во една голема училница, една голема и една мала сала каде може да се изведе наставата. Во сите простории има можност за проектор и преку интернет може да се следат наставите - on-line. Институтот располага со повеќе канцеларии (од кои 30 се кабинети за наставниот и соработничкиот кадар), 1 библиотека, 2 магацински простории и 2 чајни кујни. Канцелариите се опремени со релативно нов канцелариски мебел (бироа, столици, помошни масички и сл.), како и клима уреди.
Во наставно-образовната дејност УКИМ-ИЗИИС од самиот почеток користи информациски технологии (ИТ). Сите наставници, соработници и административниот кадар користат современи компјутери (десктоп и/или лаптоп, односно преносни компјутери). Денес Институтот располага со функционална информатичка и друг вид на опрема) (Прилог). Компјутери со софтверска подршка, интернет пристап и безжичен интернет се достапни во сите сали и канцеларии, односно во сите простории на Институтот. Институтот ги користи интернет мрежите на Телеком. Библиотеката на УКИМ-ИЗИИС располага со голем библиотечен фонд за речиси сите научни области од земјотресното инженерство, кои секоја година се надополуваат со нови наслови. Со библиотечното работење се опфатени следниве активности: спроведување на техничка и компјутерска обработка на библиотечниот материјал и негова евиденција согласно важечките библиотечни стандарди; следење и применување на правилата и прописите од областа на библиотечното работење; подготвување на одбранети магистерски и докторски трудови и др. Согласно програмите за развој континуирано се утврдуваат потребите за тековно унапредување на условите за работа на наставниот и соработничкиот кадар. Тие се реализираат преку годишни планови кои се усвојуваат, а по потреба и се ревидираат, со одлуки на Институтската управа и на Наставно-научниот совет.

**Прилози**:

1. Прилог - (Статут на УКИМ-ИЗИИС) - линк
2. Прилог - (инвентар на УКИМ-ИЗИИС) - линк

| | |
|---|---|
| 5.6. Установата нуди можности за професионален разв на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовı организира обуки/тренинзи за наставниот кадар ı функција на развој на проактивни и иновативни методи ı настава, за нивните педагошки и технички вештиı Установата редовно ги следи техничките вештини ı наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со  листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

УКИМ-ИЗИИС во последните 5 години има финансирано учеството на повеќе национални и интернационални конференции каде научниот кадар има стекнато up-to-date податоци во областа на земјотресното инженерство (Прилог 5.6). УКИМ-ИЗИИС нема посебен Правилник за стимулирање на професионалното усовршување на наставниот кадар, односно тоа е регулирано со Статутот на УКИМ-ИЗИИС. Програми за стручно,односно професионално усовршување Институтот може да организира во рамки на концептот на доживотно учење согласно закон, со Статутот и другите акти на Универзитетот. УКИМ-ИЗИИС организира различни облици на неформално учење (обуки, курсеви, летни школи, работилници и сл.) во согласност со закон. Во 2024 година се организираше курс за асеизмичко проектирање во соработка со универзитетот Метрополитен од Тирана, Албанија.

**Прилози**:

1. Прилог 5.6 – Учество на наставниот кадар на различни конференции, работилници, семинари итн. - линк
2. Прилог - Курс за асеизмичко проектирање ShakeItUp - линк

| | |
|---|---|
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи дополнителна вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |

Во последните пет години во студиските програми на втор и трет циклус на студии, предавања одржале двајца поканети гости предавачи (експерти и надворешни соработници), од реномирани странски универзитети и институти. На 23 Мај 2024 година во просториите на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија ИЗИИС се одржа работилница на тема “Seismic Assessment and Retrofitting of Masonry Preserved Structures”, во организација на Европскиот центар за повредливост на индустриски и витални системи (ECILS) и Европскиот центар за превенција и предвидување на земјотреси (ECPFE) во рамките на активности финансирани од Советот на Европа. На работилницата експерти од Грција го презентираа новиот Пропис за проценка и конструктивни интервенции на ѕидани конструкции - КАДЕТ, донесен во Република Грција во 2023 година како одговор на долготрајната потреба за постоење на правна рамка во полето на сеизмичка заштита на историските објекти и надминување на недостатокот на научен консензус за многу отворени прашања. На работилницата беа презентирани исто така и искуства од регионот. На 5 март 2024 г. колегата доц. д-р Давор Станко од Геотехничкиот факултет во Вараждин, Хрватска, одржа повикано предавање на тема "Одредување на високофрекфентниот параметар Kappa, неговото значење и примена". На 6 Јуни 2023 година Д-р Лаурентиу Данчиу од ЕТХ Цирих, Швајцарија има одржано презентација со наслов “New Developments and European Harmonization Efforts in Seismic Hazard and Risk Assessment: ESHM & ESRM 2020 Models. Importance and Regional implications”. На 1 Ноември 2022 година проф. Веи Ву од универзитетот за природни науки од Виена има одржано предавање со наслов „Моделирање на свлечишта со методот на мултискалирање’’.

**Прилози:**

1. Прилог Табела 9.4.Б - Листа на наставници од странство - линк

| | |
|---|---|
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |

Мобилноста е една од можностите за унапредување на истражувачките капацитети на наставно-научниот кадар и во таа насока во последните пет години УКИМ-ИЗИИС успеа да создаде можности за своите вработени и студенти на вториот и третиот циклус за нивно активно вклучување во меѓународни активности преку мобилност во рамките на Еразмус + договорите и воспоставените мрежи на соработка со сродни високообразовни и научни установи.
Во период од 2019-2020 година од сопствените средства беа финансирани 6 научноистражувачки проекти и тоа:

- Развој и надоградување на мрежата за регистрација на силни земјотреси, раководител на проект, вонр. проф. д-р Марта Стојмановска
- Дефинирање на протокол за евалуација на сеизмичка отпорност на постојни објекти од високоградба – сеизмички сертификат, раководител на проект, доц. д-р Горан Јекиќ
- Надградба и усовршување на информационен систем за транспортна инфраструктура и проценка на сеизмички ризик за нови инфраструктурни објекти; раководител на проект, доц. д-р Марија Витанова,
- Eq-DAT: Надградба и осовременување на постојната ИЗИИС методологија за процена на штети и загуби од земјотресни дејства; раководител на проект: вонр. проф. д-р Радмила Шалиќ,
- ИЗИИС – In Situ Гео – Лабораторија; раководител на проект: вонр. проф. д-р Јулијана Бојаџиева
- Следење на однесување на конструкции во реално време со проценка на степен на оштетување; раководител на проект: вонр. проф. д-р Александра Богдановиќ.

Во периодот од 2019-2023 година се реализираат повеќе проекти од кои во продолжение се прикажани поважните:

- Проект СТРЕП: Зајакнување на ѕидарија со конструктивно префугирање во времетраење од 12 месеци, октомври 2018 година до октомври 2019 година. Проектот е финансиран од страна на ИЗИИС (сопствени средства), Градежен факултет , Скопје (сопствени средства) и Адинг АД Скопје.

- Проект: Seismology and Earthquake Engineering Research Alliance for Europe SERA. Овој проект во себе вклучува 31 партнер од 16 земји и претставува секако еден од најголемите и најзначајните проекти во доменот на земјотресното инженерство и инженерска сеизмологија финансирани од Европската комисија преку програмата Хоризон 2020.
- Проект: “CRISIS” Increased Resilience of Critical Infrastructure to Natural and Human-Induced Hazards, INFRA NAT во кој ИЗИИС учествува како партнер во конзорциум од вкупно три партнери од Италија (координатор) и Израел. Грантот за овој проект поточно припаѓа на European Commission Directorate-General For European Civil Protection And Humanitarian Aid Operations – Dg Echo. Задачите во проектот се реализираат низ 8 работни пакети и институтот е вклучен во сите работни пакети. Во првата половина на Октомври 2018 , се организира работилница на која учество покрај домашни експерти, професори, студенти и претставници на државни институции учество земаа и експерти од Италија на чело со проф. Michele Calvi од Eucentre, Pavia. Во текот на месец Јануари 2019, во рамките на овој проект беше организиран посебен тренинг на тројца млади кадри од ИЗИИС во Eucentre, Pavia, за користење на отворени компјутерски платформи во решавање на проблеми од областа на земјотресното инженерство и инженерска сеизмологија. Во месец мај 2019 г тим од ИЗИИС учествуваше и на работилница организирана од страна на Yaron Offir Engineers , Israel, партнер во овој проект. Во извештајниот период сите активностите на овој проект добија на голем интензитет и беа во целост реализирани.
- Проект: Comprehensive RISk assessment of basic services and transport InfraStructure; UCPM-2020-PP-AG. Европската Комисија, Генерален директорат за Европска цивилна заштита и операции за хуманитарна помош. Почеток на проектот 01-11-2020 г. време на реализација 24 месеци. Партнери во проектот се: Универзитет Аристотели од Солун, Грција; EUCENTRE, Павиа, Италија, Политехнички Универзитет од Тирана, Албанија и Центарот за управување со кризи, Скопје, Северна Македонија. ИЗИИС е координатор на проектот.
- Проект: “Learn to be Resilient “ - L2BR. UCPM-2020-KN-AG. Европска Комисија, Генерален директорат за Европска цивилна заштита и операции за хуманитарна помош. Почеток на проектот 01-01-2021 г. време на реализација 18 месеци. Координатор на проектот е: НАЛАС, Nalas reseau des associations nationales de pouvoirs locaux de l’europe du sud est , Стразбург, Франција , а партнери се: ИЗИИС; Министерство за внатрешни работи на Црна Гора; Bashkia Tirane, Тирана Албанија; Универзитет во Загреб, Градежен факултет, Загреб, Хрватска; и Здравствена установа, Центар за јавно здравје, Подгорица, Црна Гора.
- Проект: Partnership for virtual laboratories in civil engineering”, PARforCE / Партнерство за виртуелни лаборатории во студиските програми по градежништво. Call 2020 Round 1 KA2 - Cooperation for innovation and the exchange of good practices, Европска Комисија, ERASMUS+ Strategic Partnership. KA226-Partnership for Digital Education Readiness, ID: KA226-409D7578. Времетраење на проектот: 24 месеци, од 01.06.2021 до 31.05.2023.
- Проекти поддржани од EUR-OPA Major Hazard Agreement, Council of Europe “First-level seismic vulnerability assessment of the Skopje Old Bazaar, (ECILS-ИЗИИС кооординатор) и “ Operational testing and diffusion of innovative and cost-effective monitoring systems for the monitoring and early warning of geohazards affecting watersheds and critical infrastructure, (ECILS-ИЗИИС partner)
- Проект: ERIES - Engineering Research Infrastructures For European Synergies HORIZON-INFRA-2021-SERV-01-07, Research infrastructures services advancing frontier knowledge. Координатор Istituto Universitario di Studi Superiori di Pavia, IUSS, Павиа Италија и 12 партнери. ИЗИИС е партнер институција. Почеток на проектот 01-06-2022 г. време на реализација 48 месеци. Во рамките на проектот се објави и првиот повик за аплицирање на предлози за т.н. Transnational access to advanced research infrastructures. Институтот во овој проект ги отвора вратите на своите лабораториски капацитети, пред се на вибро платформата и ламинарниот контејнер.
- Проект: Transnational Network of National Contact Points (NCPs) For Widening Participation and Strengthening The European Research Area. NCP_WIDERA.NET. HORIZON-WIDERA-2021-NCP-IBA. ИЗИИС преку националното контакт лице. Почеток на проектот 01/04/2022 г. датум на завршување: 31/03/2025 г. Учеството и активностите во овој проект започнаа со извесно задоцнување со оглед на фактор што

нашата држава релативно доцна ги потпиша потребните договори за партиципација во програмата HORIZON Europe.

Во недостиг на повици за реална поддршка на научно-истражувачката работа од Министерството за наука и образование, единствената можност остануваат меѓународните билатерални научно-истражувачки проекти. Во тој поглед ИЗИИС во период 2019-2023 имаше повеќе научно-истражувачки проекти:

- Билатерален проект со Австрија. Научно базиран пристап за оцена на ризикот од природни катастрофи – ликвифакција. Главен истражувач Проф. д-р Влатко Шешов. Период 01-07-2018 до 30-06-2020 г. Планираните активности во изминатиот период се реализираат во целост.
- Научно-истражувачки проект финансиран од УКИМ за 2019 г: Метод за употреба на експериментално определени сетови модални параметри за предвидување на одговорот на конструкции на сеизмички побуди и потенцијал за детекција на оштетувања, носител доц. д-р Горан Јекиќ.
- Научно-истражувачки проект финансиран од УКИМ за 2020 г. е “Методологија за предвидување на однесувањето на армиранобетонски мостови под дејство на експлоатациони и сеизмички оптоварувања користејќи експериментален и аналитички пристап“, носител доц. д-р Марија Витанова.
- Примена на Еврокодови во геотехничкото земјотресно инженерство, Научно-истражувачки проект финансиран од УКИМ за 2021 г., главен истражувач , вонр. проф. д-р Кемал Едип
- УКИМ проект за 2021/22г со работен наслов “Примена на полиуретани во проектирање и санација на врски на греди и столбови кај армирано бетонските конструкции“ , главен истражувач проф. д-р Зоран Ракиќевиќ со член во тимот м-р Филип Манојловски.
- УКИМ проект за 2022/23г со работен наслов Методологија за оцена на сеизмичката повредливост на урбани историски центри, главен истражувач доц. д-р Горан Јекиќ, асист. М-р Александар Златески.

Во сите горeспомнати проекти главната цел беше да се усовршуваат знаењата и методологиите според кои се едуцираат помладите колеги од магистерски и докторски студии. Резултатите се најмногу во корист на помладите колеги кои со парцијално учество во проектите добиваат резултати кои се редовно презентирани на научни собири во обласга на земјотресното инженерство. Од големо значење е да се напомене дека средствата обезбедени од УКИМ за научно истражувачките проекти се користени на најдобар начин при што потребните алатки за истражувањата се обезбедени и се во употреба и по завршување на проектот. Од друга страна, проектите кои беа финансирани од сопствените средства на УКИМ-ИЗИИС обезбедија аткивирање на нови можности за идни проекти кои се од особена важност. На пример, проектите In Situ Гео – Лабораторија и Следење на однесување на конструкции во реално време со проценка на степен на оштетување ја активираа локацијата на мерења во Охрид којашто била за прв пат била креирана во осумдесеттите години од 20’иот век. Следењето на однесување на конструкцијата во реално време која се наоѓа во Охрид е уште ден денес во активна состојба. Проектот Partnership for virtual laboratories in civil engineering”, PARforCE / Партнерство за виртуелни лаборатории во студиските програми по градежништво дава прекрасна можност за студентите од обласга на земјотресното инженерство преку интернет да можат да добијат искуство од најсовремени експерименти кои се реализирани во лабораториите на УКИМ-ИЗИИС. Проектот “CRISIS” Increased Resilience of Critical Infrastructure to Natural and Human-Induced Hazards обезбеди резултати за ризикот на болниците, училиштата и мостовските конструкции кои се подложни на хазарди од земјотрес и свлечишта во меѓуграничниот регион помеѓу Македонија, Грција и Албанија.

**Прилози**:

1. Прилог – Активностите на научниот кадар во различни проекти (INFRA-NAT - линк, CRISIS - линк , “Learn to be Resilient “ - L2BR - линк, PARforCE - линк ) - линк

| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
|---|---|

УКИМ-ИЗИИС се заложува да поттикнува иновации во наставните методи и во користењето на новите технологии со што капацитетите на опремата се користат и со on-line тестови со што се добива јасна слика за различните типови на експерименти од обласга на земјотресното инженерство.(Прилог). Иновациите во работата вклучуваат користење на облак-cloud методологија на работење каде документите се достапни во секое време и симултаната работа е овозможена. Во делот на апликациите се дава посебно внимание на користење на современи алатки со цел добивање на веродостојни резултати. Во наставниот процес се користат и современи дигитални технологии, како на пример VR, следење и учество во експериментални тестирања од далечина, обуки за користење на

| | |
|---|---|
| современа лабораториска опрема, ламинарен контејнер, сеизмичка платформа, земјотресна мобилна лабораторија, дрон, георадар, 3Д скенер, термокамера итн.<br>На пример, опремата која е обезбедена во последниот период овозможува дигитално мерење на димензии на објекти кои се изградени во тешко достапни локации. Исто така, при мерење на подземните слоеви во различни почвени медиуми се користи современа методологија на скенери со што може да се обезбеди јасна слика за почвените слоеви. | |
| **Прилози:**<br>1. Прилог – користење нови технологии во наставните методи - линк | |
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |
| УКИМ-ИЗИИС доследно го почитува Етичкиот кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и се залага за доследна примена на сите етички правила во наставата и научната работа, при што не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијаторство (член 19 и 20) во научноистражувачката работа и во образовниот процес. Согласно актите на Универзитетот и Институтот, дисциплинската комисија на УКИМ-ИЗИИС спроведува постапки за санкционирање на плагијаторство при поднесувањето на трудови во рамки на наставно образовниот процес, како и на сите активности кои се во спротивност со етичките норми и стандарди во Етичкиот кодекс. Дисциплинската одговорност на студентите е регулирана со Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (членови 36 – 49). УКИМ-ИЗИИС посебно внимание посветува во делот на магистерските и докторските трудови. Имено, од кандидатите, односно авторите на овие трудови се бара да поднесат соодветна изјава за оригиналност на трудовите, а во спротивно може да се соочат со дисциплинска постапка.<br>Освен тоа, менторите конечните верзии на магистерските и докторските трудови, пред нивната одбрана ги подвргнуваат на проверка за плагијаторство преку софтверскиот пакет на Министерството за образование и наука. Повратниот Извештај на Министерството во отпечатена форма го предаваат во службата за студентски прашања и тоа се чува во досието на студентот (во електронска форма). Во последните пет години во УКИМ-ИЗИИС беа одбранети 17 магистерски трудови (Линк - Магистерски трудови 2018-2023.pdf) и 12 докторски трудови (Линк - Докторски трудови_2019-2024.pdf) | |
| **Прилози:**<br>1. Прилог – етички кодекс - линк | |
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Процесот за следење на научно-истражувачката работа на вработените во УКИМ-ИЗИИС овозможува следење на научно истражувачката дејност на вработените на неколку нивоа. Директорот на УКИМ-ИЗИИС еднаш годишно подготвува Извештај за работа во кој се претставени сите активности за претходната година. Извештајот на директорот се разгледува и усвојува на Наставно-научниот совет. Истовремено, се прават напори научноистражувачките активности да бидат видливи на онлајн платформите (Research gate, Google scholar и др.). Ажурирана листа на публикувани трудови со фокус на списанија со имапкт фактор се објавува на web страна ИЗИИС. Дополнително, институтот од споствени средства го подржува и наградува објавувањето во престижни списанија од областа. | |
| **Прилози:**<br>1. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2020-30.09.2021 бр. 08-2036/1 од 17.12.2021 - линк<br>2. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2021-30.09.2022 - линк<br>3. Извештај за работата на директорот на ИЗИИС за период 1.10.2022-30.09.2023 бр. 09-1960/1 од 15.12.2023 - линк | |
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки |

| Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | |
|---|---|

Соодветноста и важноста на научноистражувачката работа на наставно-научниот кадар на УКИМ-ИЗИИС се верификува на различни начини и нивоа на соработка, со асоцијации, институции и меѓународни организации. Наставно-научниот кадар на УКИМ-ИЗИИС е вклучен во значајни регионални и меѓународни научни асоцијации и мрежи, како што се: Европска асоцијација на земјотресно инженерство, Светската асоцијација на земјотресно инженерство, Меѓународната асоцијација на геотехничко инженерство, SPONSE – International Association for the Seismic Performance of Non-Structural Elements, Комората на овластени архитекти и инженери, Друштво на градежни конструктори на Македонија, ИСРСМ, итн.
Во последните пет години дел од наставниот кадар на УКИМ-ИЗИИС, на барање на други институции во земјата и одделни министерства, беа номинирани за членови на работни групи за подготовка на стратешки документи и проекти, или како консултанти за различни актуелни прашања. Една од најважните работни групи каде УКИМ-ИЗИИС е активен учесник е Техничкиот Комитет 40 – Еврокодови и национални анекси (Прилог) во рамки на ИСРСМ.
Примерите од научноистражувачката работа се во согласност со барањата од Техничкиот Комитет 40 каде Еврокодовите и националните анекси се толкуваат и прилагодуваат со цел користење во Р.С.Македонија. Потребно е да се напомене дека искуството на УКИМ-ИЗИИС во земјотресното инженерство придонесува најмногу во делот на Еврокод 8 каде се обезбедува интегриран пристап за проектирање и анализа на градбите во земјотресни зони. На овој начин се осигурува дека конструкциите ги исполнуваат потребните критериуми за безбедност и ги намалуваат ризиците на луѓето. Во продолжение неколку примери од научно истражувачката работа на УКИМ-ИЗИИС: Учество на УКИМ-ИЗИИС во имплементација на Европските стандарди за проектирање, изработка на националаните мапи на сеизмички хазард, учество во работата на националната платформа за справаување со ризици, учество во меѓуграничната соработка за подигнување на капацитетите за справување со ризици, оценка на сеизмичка повредливост на културно историски центри, подигања на јавната свест за заштита од земјотреси.

**Прилози:**

1. Прилог – Технички Комитет 40 - линк
2. Линкови од европските проекти:INFRA-NAT -линк, CRISIS - линк, ISRA- линк, ERIES- линк.

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |

ИЗИИС континуирано инвестира од сопствени средства за подобрување на активностите за учење и настава во смисла на инвестиции во наставни помагала и инвентар за студенти, збогатување на библиотечен фонд, информатичка мрежа и информатичка технологија, ре/акредитација на студиски програми, овозможување на доволен број на акредитирани ментори и слично.

Исто така, ИЗИИС континуирано од сопствени средства, обезбедува стипендии во форма на покривање на школарината на најдобрите студенти на втор и трет циклус и финансира нивно учество на различни национални и интернационални настани, од типот на работилници, летни школи, семинари, конференции, обуки и сл.

ИЗИИС преку реализација на научноистражувачки проект финансиран од МОН (EQ-MOBI-LAB) обезбеди нова опрема за реализација на наставната и научноистражувачката дејност. И тоа : Опремено транспортно комбе со

- Ултрасоничен скенер за sидови
- Мобилна опрема за мерење на земјотреси, силни потреси и експлозии
- Динамички испитувања на конструкции во природна големина со задавање/генерирање на хоризонтални и вертикални вибрации; калибрација на мерачи на забрзување.
- Пренослив систем за мерење на амбиент вибрации
- извор за сеизмичка побуда, геофони, антени за георадар
- 3D мапирање на терен и конструкции со дрон
- 3D мапирање на конструкции и создавање point cloud модел/снимање на геодетски точки
- Статички и динамички мониторинг на мостови и др. Конструкции
- Мерење на сеизмички брзини
- Инфрацрвена камера со софтвер
- Напредна геотехничка карактеризација на тло
- PC опрема – монитори, мобилни и десктоп работни станици; модеми за комуникација.

Активностите поврзани со апликативната дејност кои се финансираат согласно интерен правилник на ИЗИИС опфаќаат учество на апликативни проекти, учество во рецензиони комисии во издавачката дејност (како рецензии на научни книги, монографии, учебници, учебни помагала и сл.), активности за реализација на семинари, работилници, симпозиуми, курсеви и програми за стручно и професионално усовршување организирани од институтот.

Планирањето и реализацијата на расходите, согласно трезорскиот систем на работа, во огромна мерка зависи од одобрените финансиски планови. Во извештајниот период на сметката на основниот буџет во 2023, 2021 и 2019 година реализирани се сите одобрени средства. Во 2022 година реализацијата на планот од буџетската смета е 99,97%, а во 2020 година 99,65%. Причина за нецелосно реализираните планови на Буџетските средства (иако неискористените средства се минорни) е задоцнетото одобрување на бараните планови. Ваквото задоцнето одобрување или воопшто не одобрување на плановите е главна причина за одлагање на дел од обврски на Институтот за следната фискална година.

Реализацијата на одобрениот финансиски план за 2019-2023 година е следна:

| ставка | опис | 2019 година | | 2020 година | | 2021 година | | 2022 година | | 2023 година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | план | реализација | план | реализација | план | реализација | план | реализација | план | реализација |
| **420** | патни и дневни расходи | 4,114,000.00 | 4,055,515.00 | 1,124,000.00 | 950,456.00 | 1,317,000.00 | 903,426.00 | 2,600,000.00 | 2,420,012.00 | 2,090,000.00 | 2,001,786.00 |
| **421** | комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 8,348,000.00 | 8,313,432.00 | 7,202,000.00 | 6,920,942.00 | 5,500,000.00 | 4,508,005.00 | 9,000,000.00 | 7,243,560.00 | 7,640,000.00 | 5,180,506.00 |
| **423** | материјали и ситен инвентар | 2,323,000.00 | 1,918,385.00 | 1,356,000.00 | 920,045.00 | 2,528,000.00 | 2,148,741.00 | 1,200,000.00 | 1,011,232.00 | 1,800,000.00 | 1,566,091.00 |
| **424** | поправка и тековно одржување | 3,843,000.00 | 3,590,097.00 | 11,271,000.00 | 9,911,275.00 | 8,410,000.00 | 5,690,369.00 | 4,850,000.00 | 3,547,226.00 | 4,000,000.00 | 3,205,607.00 |
| **425** | договорни услуги | 64,616,000.00 | 64,365,602.00 | 61,074,000.00 | 59,412,176.00 | 61,300,000.00 | 59,803,575.00 | 68,000,000.00 | 65,729,768.00 | 61,000,000.00 | 60,160,600.00 |
| **426** | други тековни расходи | 15,829,000.00 | 13,813,901.00 | 15,321,000.00 | 12,954,700.00 | 15,300,000.00 | 13,399,422.00 | 16,200,000.00 | 15,590,576.00 | 14,600,000.00 | 13,244,861.00 |
| **427** | привремени вработувања | 152,000.00 | 152,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **464** | разни трансфери | 454,000.00 | 409,721.00 | 464,000.00 | 282,222.00 | 1,732,000.00 | 1,023,493.00 | 1,700,000.00 | 709,855.00 | 710,056.00 | 692,445.00 |
| **465** | исплата на извршни исправи | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **480** | купување опрема и машини | 3,248,886.00 | 3,213,120.00 | 4,114,000.00 | 2,311,113.00 | 5,186,000.00 | 3,761,145.00 | 6,200,000.00 | 2,877,932.00 | 5,568,000.00 | 4,063,962.00 |
| **483** | купивање мебел | 242,000.00 | 11,700.00 | 1,375,000.00 | 229,392.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **485** | вложувања и нефинансиски средства | 550,000.00 | 418,282.00 | 1,165,000.00 | 788,833.00 | 812,000.00 | 347,171.00 | 250,000.00 | 95,032.00 | 350,000.00 | 350,000.00 |
| **486** | купување возила | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 2,500,000.00 | 2,482,061.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | ВКУПНО: | 103,719,886.00 | 100,261,755.00 | 104,466,000.00 | 94,681,154.00 | 104,585,000.00 | 94,067,408.00 | 110,000,000.00 | 99,225,193.00 | 97,758,056.00 | 90,465,858.00 |

Како што беше претходно кажано, доцнењето на одобрувањето на плановите, одобрување на помал износ на планови од бараните или воопшто не одобрување на план во однос на баранеот, се главните проблеми со кои се соочуваме и причини за ненавремено реализирање на обврските. Со тоа сме доведени во ситуација да плаќаме камати, или често пати да добиваме и опомени и извршни решенија, а не по наша вина.

**Прилози:**

1. Финансиски извештаи од претходните пет години - линк
2. Прилог 9.3 - линк
3. Извештај МОН – EQ-MOBI LAB - линк

| | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

Просторни ресурси:

Наставно образовниот процес се изведува во три простории на Институтот посебно наменети за таа цел. Трите предавални се со капацитет од по 25 места со површина од 80м2 и се неодамна реконструирани. Предавалните се опремени со современи аудио визуелна опрема за изведување на наставата. Исто така постојат и простории за изведување на самоиницијативно учење и вежби на студентите со вкупна површина од 50м2. Ваквите просторни капацитети во потполност ги задоволуваат потребите, а во корелација со вкупниот број на студенти на Институтот.

ИЗИИС Лаборатории

Образовниот процес на ИЗИИС е поткрепен со експериментални и лабораториски активности кои се реализираат во пет специјализирани лаборатории:

1. Лабораторија за динамички испитувања – со цел изведување на високо квалитетна научноистражувачка и апликативна дејност, во Институтот постои реномираната Лабораторија за динамички испитувања, во која е сместена опрема за специфични експериментални истражувања: Пет-компонентална сеизмичка вибро платформа (5x5m); Едно-компонентална сеизмичка вибро платформа; Повеќе компонентален систем за квазистатичко испитување на елементи, врски, делови од конструкции и разни уреди; Рам за испитување на материјали; Опрема за динамичко испитување на конструкции во природна големина како во услови на амбиентални вибрации, така и во услови на принудни вибрации зададени со два синхронизирани генератори на хармониска сила, со цел определување на динамичките карактеристики – сопствени фреквенции, тонови форми и придушување; Софистицирани, модуларни, дигитални системи за аквизиција и складирање на измерените физички големини, во лабораториски услови и на терен.

2. Лабораторија за силни земјотреси - лабораторијата за силни земјотреси на ИЗИИС во континуитет од 1972 г., до денес ја следи и ажурира силната сеизмичка активност на територијата на С. Македонија и пограничниот регион. Капацитетот на мрежата за силни земјотреси на ИЗИИС е значително унапреден со 17 нови дигитални станици. Добиените записи наоѓаат своја примена во инженерската практика, посебно во асеизмичкото проектирање на нови и санирање на оштетените, од земјотреси, објекти, како и во изготвувањето на Прописите за проектирање и градење во сеизмички подрачја, во анализите на сеизмичкиот хазард и во проектирањето на поодделни објекти од витален карактер како влезни сеизмички параметри. Во моментов мрежата за силни земјотреси се состои од активни 126 акцелерометри и тоа: 12 дигитални станици (со 12 акцелерометри на основна стена и карактеристично тло), 21 аналогна станица (со 28 акцелерометри на основна стена, карактеристично тло и конструкции), специјална 3D мрежа во Охрид (со 16 дигитални акцелерометри на карактеристично тло, конструкции и во бушотини) и сеизмички мониторинг на брани (со 32 дигитални и 38 аналогни акцелерометри на основна стена, карактеристично тло и конструкција на брани).
3. Лабораторија за динамика на почви и фундаменти – во оваа лабораторија во континуитет се одвиваат научни и апликативни истражувања од областа на динамиката на почвите. Триаксијалниот апарат за статичко и динамичко тестирање нуди можност за статички и динамички испитувања, циклично товарење со ±5 kN, до 25kN сила на смолкнување, цикличен товар со капацитет на фреквенција од 0-70Hz, компатибилност со ASTM и BS стандарди. За одредување на динамичките карактеристики на различни почвени материјали и потенцијалот на ликвифакција на песоци Лабораторијата поседува динамички апарат со директно смолкнување. Со помош на овој апарат се одредуваат кривите на смолкнување и пригушување на испитуваните материјали. Со цел реално симулирање на динамичкото однесување на тлото, во Лабораторијата за динамика на почви и фундаменти конструиран е Ламинарен контејнер со димензии 2.0 x 1.0 x 1.5м, од алуминиумски материјал со челична подлога. Ламинарниот контејнер со вградените посебни гранични услови и можностите за мерења на порните притисоци во почвениот материјал претставува редок примерок во Европа за напредни истражувања од областа на земјотресното геотехничко инженерство. При теренските мерења коректното одредување на почвените слоеви и инсталациите е овозможено со користење на Георадар тип AKULA -9000C со различни антени и тоа со фреквенција од 65-1000 MHz.
4. Лабораторија за геофизички истражувања - лабораторијата се состои од опрема и инструменти за реализирање на разни истражувања во полето на инженерската сеизмологија, инженерска геофизика, геотехниката и други области како што се: сеизмичко микрозонирање; сеизмо-геолошко моделирање на тлото; дефинирање на локален сеизмотектонски склоп на теренот; дефинирање на пукнатински зони и каверни; дефинирање на ниво на подземна вода; карактеризација на свлечишта, каменоломи, рудници и брани; сеизмичко влијание при минирање; археолошки и форензички истражувања. За геофизичките истражувања се применуваат методите на сеизмичка рефракција (томографски концепт), сеизмичка рефлексија, методи на површински бранови (активни и пасивни), мерење и анализа на микротремори (HVSR метода) и GPR методата.
5. Лабораторија за недеструктивни истражувања – оваа лабораторија е формирана со цел недеструктивно одредување на карактеристиките на вградените материјали, динамичките карактеристики на конструкцијата и идентификација на оштетувањата. Во рамките на оваа лабораторија се користат најсовремени сетови на опрема за одредување на јакоста на притисок на бетонот, свежиот бетон, лесниот бетон, гипсот и малтерот; опрема за лоцирање, положба, дијаметар на арматурни прачки и дебелина на заштитен слој; опрема за одредување на униформност и квалитет на бетон, присуство на дефекти, прснатини, пукнатини и празнини, модул на еластичност и јакост; опрема за теренско определување на силата на смолкнување кај недренирани почви; мобилна опрема за амбиент вибрации и микротремори; ектензометри; опрема за определување на носиви карактеристики на ѕидарија, опрема за хидраулично товарење на ѕидарија; дрон и друга опрема.
6. EQ-MOBI-LAB - Интегрираната мобилна лабораторија за теренски истражувања

ИЗИИС компјутерска и интернет инфраструктура:

Пристапот до Интернет мрежата се остварува преку директна оптичка врска со компјутерскиот центар на УКИМ. Како дополнителна можност за пристап до интернет се користи и комерцијална оптичка врска од мрежата на T-mobile.

Во внатрешната локална мрежа, блоковите во кампусот се поврзани со оптичка врска, а потоа во рамките на секој блок е направено разгранување со УТП кабли до секоја канцеларија. Вработените имаат опција за поврзување на интернет преку жица и безжично, преку Wi-Fi. Wi-Fi поврзувањето се остварува преку 14 пристапни точки. 12 од нив се за внатрешна инсталација и ги покриваат затворените простории, а 2 се за надворешни услови и покриваат дел од надворешните површини на кампусот.

Набавен е нов сервер DELL PowerEdge T330 со цел да се овозможи редундантност во работата на постоечките активни серверски системи кои функционираат во ИЗИИС.

Проширена е и надградена Wi-Fi мрежата на ИЗИИС со 12 нови уреди за безжичен пристап, од типот Aerohive AP-

| |
|---|
| 122. Со тоа е проширен опсегот на зрачење и се опфатени сите простории во рамките на институтот. Уредите кои се инсталирани се од корпоративна класа и ги поддржуваат најновите технологии за безжично поврзување (802.11ac). На тој начин покрај кабелското поврзување е овозможено и дополнително, безжично во рамките на целиот институт, како и дополнителен и едноставен начин за поврзување на интернет, на сите вработени и посетители на институтот.<br>Обновени се дел од активните мрежни компоненти (switch-еви) во рамките на жичаната мрежа, со цел да се подобри стабилноста и доверливоста на мрежата и да се обезбедат поголеми податочни брзини за персоналот.<br>Набавени се лиценци за Microsoft платформата Office365. Оваа платформа нуди најразновидни алатки, почнувајќи од веќе добро познатите Word, Excel, PowerPoint, па се до алатки како Teams, Forms, SharePoint, Outlook итн., кои овозможуваат современ и едноставен начин на комуникација и соработка помеѓу вработените во ИЗИИС, а воедно нудат и начини за поефикасно организирање на работата, како и учење од далечина.<br>Инсталиран е најсовремен интерактивен систем за презентации, составен од интерактивна табла и проектор EPSON EB-1485Fi со ласерска технологија.<br>Проширена е Wi-Fi мрежата во рамките на отворениот дел од институтскиот кампус, со помош на дополнителни 2 уреди за безжичен пристап, наменети за инсталација на отворено. Уредите се од типот Spark AC Wave2 и ја поддржуваат најактуелната технологија за безжичен пристап 802.11ac, која овозможува поголеми брзини на пренос на податоци. Со ова е проширена можноста за поврзување и во рамките на дворот на институтскиот кампус, како и во помошните објекти кои се дел од него.<br>Направено е поврзување на институтската Wi-Fi мрежа со глобалната Eduroam мрежа на пристапни точки, со што ИЗИИС влезе на листата на едукативни установи кои се дел од оваа мрежа и кои овозможуваат универзален начин на поврзување на својот персонал како и на посетителите од било која институција во рамките на мрежата, без разлика на која од овие локации да се наоѓаат во моментот.<br>Инсталирани се три нови IP мрежни камери Dahua SD49225T-HN во рамките на лабораторијата за динамички испитувања Со тоа се проширени опциите за снимање на експериментите кои се изведуваат во лабораторијата и се постигнати подобри услови за овозможување на далечинско следење на експериментите.<br>Набавен и инсталиран е систем за телеконференции Poly Studio x50. Овој систем ги проширува и ги крева на повисоко ниво средствата за комуникација, како и можностите на институтот за организирање на далечински состаноци, презентации и јавни одбрани на магистерски или докторски тези, во корелација со современите трендови за дигитализација на овие процеси.<br>Техничките ресурси на институтот континуирано се мониторираат преку годишни пописи на расположливата опрема (инвентар, информатичка и техничка опрема, и т.н.) на крајот од секоја календарска година. Техничките ресурси исто така соодветно се надградуваат според реалните потреби и финансиските капацитети на установата и во согласност со годишните планови за јавни набавки.<br>Логистика<br>Логистика во врска со организацијата на студиската програма се обезбедува на три нивоа:<br>▪ студентската служба<br>▪ библиотека и<br>▪ копирница<br>Сервисот на студентската служба е покриен од Секретарот на Институтот кој ја врши воедно и функцијата на референт за студентски прашања и еден соработник.<br>Библиотеката на ИЗИИС го опслужува наставниот кадар, студентите и други корисници на информации и обезбедува материјали и услуги за поддршка на академските програми во рамките на наставата што се изведува на двата образовни циклуси. Библиотечниот сервис се врши од страна на одговорно лице – библиотекар кој се грижи за редовно информирање на наставниците и на студентите за пристигнатите книги, како и за водење на евиденцијата за користењето на библиотечниот фонд. Користењето на странска литература е континуирано и библиотечниот фонд секоја година се збогатува со голем број странски книги, списанија, журнали, зборници од конференции, семинари и слично и тоа најчесто на англиски јазик. Библиотечниот фонд на ИЗИИС во извештајниот период е збогатен со 449 нови библиотечни единици, од кои 69 се домашни, а 380 се странски изданија. Бројот на списанија (во печатена и електронска форма) е вкупно 9, од кои 6 се домашни, а 3 странски. Во моментов, вкупниот фонд на библиотеката на ИЗИИС изнесува 3252 наслови.<br>Во Институтот постои сервис за копирање каде се врши копирање на материјали за потребите на наставниот кадар и на студентите.<br>Користењето на библиотечниот фонд за наставниците и студентите е бесплатно. Исто така е бесплатно и фотокопирањето за потребите на студентите во зависност од намената. |
| **Прилози**: |

1. Web IZIIS - линк
2. Список на опрема и наставни средства за вршење на дејноста - линк
3. Акредитирана студиска програма на втор циклус – линк
4. Акредитирана студиска програма на трет циклус – линк

| | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

Стручно-административната служба е организирана согласно правилникот за внатрешната организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје –Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје и правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје (Анекс бр.26).
Стручните и административните работи ги врши стручната и административна служба на институтот како дел од интегрираната стручна и административна служба на Универзитетот. Со службата на институтот раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред директорот и пред генералниот секретар на Универзитетот. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација.
Работата на стручната и административната служба се одвива во рамките на административното и финансовото одделение. Како посебна организациона единица во рамките на стручната и административна служба на институтот се наоѓа Библиотеката. Администрацијата вклучува 11 лица во редовен работен однос и 8 надворешни соработници кои ги извршуваат активностите поврзани со правните, финансиските, општите и техничките работи за непречена реализација на дејноста на институтот, како и сите активности кои се опфатени со студентската служба, библиотечното работење, архивското и финансиското работење. Во текот на извештајниот период како и кратко пред тоа, ИЗИИС се соочи со пензионирање на значителен број на вработени во стручно-административната служба. Овој факт укажува на потребата од нови вработувања и посебно во студентската служба на администратор задолжен за имплементација на i-know системот и во двата циклуси на образование и за следење на процесите на дигитализација на институтот во корелација со УКИМ.
Помошниот и административниот кадар ги развива сопствените компетенции на индивидуална основа преку надградба на формалното образование, согласно потребите на институтот, Во периодот едно лице од административниот кадар посетувало обуки за: Проблеми и предизвици при управување со човечки ресурси.

**Прилози**:
1. Правилник за внатрешната организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје и правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје (Анекс бр.26) – линк
2. Приказ на број на вработени и нивниот профил во административната служба – линк - линк
3. Прилог 6.3 - Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години - линк

| | |
|---|---|
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |

Во анализираниот период во ИЗИИС се реализираат неколку научноистражувачки проекти.
Како дел од научноистражувачкиот проект ISRA: Integrative strengthening of seismic risk awareness финансиран од DG-ECHO програмата, беа вклучени и четворица студенти на трет циклус на студии. Проектот се реализира во

| | |
|---|---|
| 2022-2024 год.<br>Во проектот Partnership for virtual laboratories in civil engineering", PARforCE / Партнерство за виртуелни лаборатории во студиските програми по градежништво. Call 2020 Round 1 KA2 - Cooperation for innovation and the exchange of good practices, Европска Комисија, ERASMUS+ Strategic Partnership. KA226- Partnership for Digital Education Readiness, ID: KA226-409D7578 2021-2023година, беа вклучени 8 студенти од трет циклус и 2 студенти од втор циклус студии.<br>Во проектот ERIES - Engineering Research Infrastructures for European Synergies HORIZON-INFRA-2021-SERV-01-07, Research infrastructures services advancing frontier knowledge, 2022-2026 вклучени се 7 студенти од трет циклус.<br>Проектот "Programme: Horizon Europe Framework Programme (HORIZON), Call: HORIZON-MISS-2023-CLIMA-01", Nature-Based Solutions for Demonstrating, Climate-Resilient Critical Infrastructure (NATURE-DEMO) 2024-2026, отпочнува со реализација и во него ќе бидат вклучени двајца студенти од трет циклус.<br>Процентуалното учество на студентите на трет циклус на студии вклучени во научноистражувачки проекти е поголем од 80%.<br>Институтот работи на зголемување на учеството на студентите од втор циклус на студии во научноистражувачките проекти и тие се активно вклучени во други научноистражувачки активности, како учество на конференции, вебинари, летни школи, обуки и сл.. | |
| **Прилози:**<br>1. Прилог 6.4 - Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проекти на сите циклуси студии во изминатите пет години – линк | |
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |
| Во ИЗИИС има Центар за кариера. Во изминатиот период активностите на Центарот за кариера беа реализирани во рамките на проектот „ИЗИИС за Скопје" под мотото „градиме издржливост" кој имаше за цел обележувањето на 60 години од Скопскиот земјотрес. За таа цел беше реализирана промоција на Институтот како институција основана со иницијален мандат активно да учествува во пост земјотресната обнова на градот и обезбеди постојан напредок во науката, образованието, истражувањето и унапредување на техничките прописи во областа на земјотресното инженерство.<br>Беа организирани работилници за збогатување на знаењата, зајакнување на свеста и зголемување на подготвеноста на децата и младите во 8 основни и средни училишта. Беше поттикнат интересот за оваа тема и беше зголемена свеста за заштита од земјотреси кај младата генерација.<br>ИЗИИС не вработува советник за академски развој, со оглед на тоа дека во институтот се изведува само втор и трет циклус на студии и повеќето од студентите се веќе во работен однос. Сепак со студентите континуирано се споделуваат информациите за Ерасмус програмите за нивното усовршување во европските универзитети. | |
| **Прилози:**<br>1. Одлука за формирање на центарот за кариера на УКИМ-ИЗИИС бр. 09-1016/1 од 16.06.2021<br>2. Прилог 6.5 - Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата - линк | |
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| ИЗИИС води континуирана евиденција на сите студенти кои магистрирале и докторирале на студиските програми, а по нивното завршување ја продолжува соработката и контактите, разменува идеи и мислења во рамки на можностите и потребите, а со цел развој и унапредување на земјотресното инженерство, инженерската сеизмологија и општеството во целина. Во состав на алумни заедницата на ИЗИИС покрај студентите кои магистрирале и докторирале, се наоѓаат и дипломците на првиот меѓународен курс наменет за надградба на | |

професионалното знаење на градежните инженери од земјите во развој, препознатлив низ целиот свет под скратеницата CADAC (Course on Aseismic Design and Construction –Курс за асеизмичко проектирање и градење), подржан од Одделот за меѓународно образование при Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија, Министерството за образование и наука на Република Македонија, ИЗИИС и Советот на Европа. За 26те години од своето постоење (1982 – 2007), беа обучени 520 учесници од 72 земји во развој од Латинска Америка, Азија, Африка и Европа, од кои повеќето денес се еминентни членови на академското општество, почитувани професионалци и национални авторитети, и амбасадори на ИЗИИС во светот. Контактите се одржуваат најчесто за време на меѓународни настани, семинари работилници и конференции, каде членовите на алумни заедницата учествуваат како предавачи или партиципанти со свои или заеднички трудови. Во извештајниот период тоа е остварено на редовните конференции по земјотресно инженерство, (европска 2022 и светски 2021 и 2024). Идната година во рамки на одбележувањето на 60-годишнината од основањето на ИЗИИС се планира настан на кој поединци од алумни заедницата ќе имаат свое обраќање или предавање. Досегашната соработка со ИЗИИС алумните се одвиваше по неформален пат и на лична иницијатива. Со цел да се добие институционална рамка од неодамна е воспоставен електронски систем за регистрација.

ИЗИИС алумни мрежата е во фаза на формирање и има за цел да го поврзе научноистражувачкиот и соработнички кадар на ИЗИИС со поранешните вработени, студенти и курсисти, и ги обедини различните генерации кои низ ИЗИИС го трасирале својот научен и професионален пат, а чии достигнувања и кариери ќе ги мотивираат сегашните и идни вработени и студенти за понатамошно научно и професионално унапредување. Визијата е да оваа мрежа во иднина прерасне во форум низ кој ќе се креираат и дискутираат нови идеи и концепти на национално и глобално ниво, а ќе се промовира идејата за создавање на сеизмички сигурни и отпорни општества. За таа цел од неодамна воспоставен е и електронски систем за регистрирање на членовите на ИЗИИС алумни заедницата што ќе овозможи посеопфатен пристап во реализација на заеднички активности.

**Прилози:**

1. ИЗИИС Алумни портал - линк
2. Меѓународен курс CADAC - линк
3. Прилог 6.6. Приказ на системот за соработка со Алумни заедницата - линк

| | |
|---|---|
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |

Согласно Законот за високо образование ИЗИИС нема обврска за формирање ниту студентско собрание ниту студентски правобранител на ниво на единицата; правата на студентите на ИЗИИС ги застапува Универзитетскиот правобранител. Бројот на студенти кои се запишуваат на студиските програми на втор и трет циклус е ограничен, и поради тоа што земјотресното инженерство претставува комплексна област која бара интердисциплинарен пристап, солидни познавања од Математика и Физика како базични науки и голема посветеност. Но и покрај малиот број, студентите се вклучени во процесите на Институтот, присуствуваат на сите значајни настани кои Институтот ги организира, учествуваат во оценувањето на квалитетот на наставно образовниот процес преку спроведување на анкети. Исто така, иако не е пропишано со Статутот на УКИМ и ИЗИИС, двајца претставници на студентите учествуваат во работата на Научниот совет без право на глас, на кој начин Институтот обезбедува поголема транспарентност во работата и подобра информираност на своите студенти. Неретко, со цел да се помогне финансиски, ИЗИИС овозможува субвенции за школарината по претходно утврдени критериуми (просечен успех од додипломски студии над 8.50, референци од областа, препораки и сл.) можност за учество на различни тренинг програми регионални и интернационално на сите студенти без исклучок, покрај училниците и библиотеката, на располагање во одредени термини им е и современо опремената теретана во рамки на ИЗИИС

**Прилози:**

1. Закон за високо образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) - линк

2. Прилог 6.7. Приказ на подржани општествени, културни и спортски активности од страна на установата - линк

| | |
|---|---|
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |

Студентите на втор и трет циклус на студии во ИЗИИС редовно се информираат и запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање како и со сите настани и актуелности. Информациите кои се однесуваат на студиските програми, распореди на предавања и испити, организирање на разни активности и настани, информации за студентска мобилност, работилници, конференции, вебинари и слично редовно се реализира преку објавување на огласната табла во Институтот, но најчесто користен начин од страна на студентите е интернет страната, социјалните мрежи на ИЗИИС и дигиталната платформа на МС teams. Дополнително, ИЗИИС редовно организира Отворени денови кога студентите можат да добијат информации од различен карактер, а учествува и во Кариерните денови организирани од Универзитетот.

**Прилози:**

1. Интернет страна на ИЗИИС - линк
2. Соопштенија - линк
3. Студентски соопштенија - линк
4. Студентска служба - линк
5. ИЗИИС отворени денови - линк

## Стандард 7

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ</th></tr>
<tr><th>Индикатор</th><th>Документација</th></tr>
<tr><td>7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет.</td><td>Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) користи дел од функционалностите на iKnow системот кој е развиен од страна на Универзитетот Св. Кирил и Методиј со единствена цел електронско прибирање, водење и користење на сите потребни податоци релевантни за студентите и студиските програми. iKnow системот овозможува пристап на сите чинители во образовниот процес (наставен кадар, стручно-административен кадар и студенти), кои согласно дадените привилегии во системот можат да ги следат сите достапни податоци. Интегрирањето на iKnow и iLearn платформата на ниво на УКИМ, отвара пошироки можности за имплементација на нивните функционалности во образовниот процес на ИЗИИС.<br>Дополнително, во однос на бројот на запишани и завршени студенти се водат и матични книги за запишани и завршени студенти на втор и трет циклус на студии посебно.<br>На ниво на Универзитет развиен е и систем за прибирање и анализа на информации кои се однесуваат на научноистражувачката работа на наставно-научниот кадар на единиците на УКИМ. ИЗИИС, како единица на УКИМ редовно ја користи Ризницата на научни трудови на УКИМ, репозиториум на научни трудови и публикации кој е јавно достапен. Научни трудови, објавени од страна на наставно-научниот кадар на Институтот, се јавно достапни на Ризницата на научни трудови на УКИМ.<br>Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување на квалитет. Користејќи ги горенаведените електронски платформи, ИЗИИС на редовна основа собира и анализира податоци релевантни за сите активности на наставната и научната дејност на Институтот. Анализата на овие податоци е појдовна точка во креирање на развојните цели и унапредување на квалитетот на активностите кои ги реализира Институтот.<br>Покрај IKnow системот во Институтот е изработен и се користи e-student системот (само за потреби на ИЗИИС), за администрирање на образовниот процес. Алатката се користи за водење детална евиденција за сите запишани студенти на студиските програми во ИЗИИС. Се евидентираат и електронски се чуваат сите документи за секој студент. Системот исто така е во можност да генерира одлуки за комисии, прегледи и уверенија за положени испити и слични документи. Дополнително е во план да се работи на можноста овој систем да биде отворен и за наставниот кадар и за студентите.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>1. Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации (видете индикатор 2.9 и 4.2)<br>2. Линк до iKnow<br>3. Линк до Репозиториум на УКИМ<br>4. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2019 до 30/09/2020 година<br>5. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2020 до 30/09/2021 година<br>6. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2021 до 30/09/2022 година<br>7. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2022 до 30/09/2023 година</td></tr>
<tr><td>7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на</td><td>Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | |

ИЗИИС редовно прибира и анализира податоци кои се релевантни за дејностите кои ги обавува. Податоците кои редовно се прибираат се однесуваат претежно на студентската популација (профил на студенти) и студиските програми (број на запишани студенти, број на магистрирани и докторирани студенти, нивниот напредок, пријавени изборни предмети, постигнатиот успех, и т.н.)

На годишно ниво, се прибираат и податоци за ресурсите за учење, инвентарот и опремата која е дел од наставните и научните активности, библиотечниот фонд, податоци за соработка на установата со домашни и странски институции, склучени соработки, одржани настани, активности и слично.

Студентите се активно вклучени во прибирање на информации за квалитетот на наставата во процесот на самоевалуација. Резултатите од самоевалуацијата претставуваат индикатор за повеќе аспекти релевантни за студиските програми за втор и трет циклус на студии и нивниот квалитет. Исто така, тие се и индикатор кој е вклучен во реферат за избор на наставно-научниот кадар и се доставуваат на годишно ниво до секој од наставниците. Резултатите од самоевалуацијата за извештајниот период се дел и од овој извештај.

Наставно-научниот кадар е активно вклучен во прибирање на информации. На годишно ниво се прибираат податоци за наставната, научноистражувачката и апликативната дејност на секој од наставниците, а анализата на собраните податоци е интегрирана во годишниот извештај за работата на директорот на Институтот.

Добиените информации се користат за планирање на тековни и идни активности со цел подобрување на наставата и наставните методи, подобрување на условите за студирање, вмрежување со странски партнери, подобрување на меѓународната соработка и слично.

**Прилози**:

1. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2019 до 30/09/2020 година
2. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2020 до 30/09/2021 година
3. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2021 до 30/09/2022 година
4. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2022 до 30/09/2023 година

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

ИЗИИС редовно информира за претстојни и реализирани настани кои се од важност за дејноста која ја обавува. Институтот навремено ги објавува сите информации поврзани со значајни настани и активности (одржување на конференции/работилници, едукативни активности, соработки со домашни и меѓународни институции, објавување и презентација на резултати и наоди од истражувања и проекти, меѓународна мобилност на студенти и наставен кадар, обраќање до јавноста, интервјуа, блогови и сл.). Покрај информациите достапни на веб страната, сите релевантни настани и активности се вклучени и образложени и во Годишниот извештај за работата на директорот Институтот кој е достапен на веб страната.

Податоците се собираат, анализираат и се користат за потребите на стратешкиот менаџмент на Институтот односно анализираните податоци и информации редовно се разгледуваат и дискутираат на ниво на Научен совет и институтска управа во насока на преземање на идни чекори за подобрување на услугите и квалитетот на активностите кои се реализираат.

**Прилози**:

1. Линк до значајни настани, активности и процеси
2. Линк до Прилог 7.3

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

| | |
|---|---|
| итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | |

ИЗИИС врши прибирање и обработка на лични податоци со цел реализација на дејноста која ја извршува. Прибирањето и обработката на личните податоци, особено личните податоци на студентите, се врши во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци, применувајќи соодветни технички и организациски методи за безбедност на податоците. Во однос на личните податоци кои се собираат во хартиена форма, Институтот спроведува соодветни мерки за нивна заштита односно установата ги чува и обработува личните податоци во согласност со Процедурата за право на пристап и исправка на личните податоци на субјектите на личните податоци, усвоена од УКИМ. Во однос на електронски прибраните податоци, преку iKnow системот, поддршката, одржувањето и заштитата на податоците на системот е централизирано односно управувано од страна на Универзитетот. Во системот IKnow вградена е посочената процедура за заштита на лични податоци.

Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни со цел соодветна заштита на личните податоци, а во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РМ бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14 и 153/15), Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Сл. Весник на РМ бр. 39/08, 128/10 и 158/10) се придржува до Процедурата за право на пристап и исправка на личните податоци на субјектите на личните податоци, усвоена од УКИМ, а со кои се уредуваат мерки за заштита на личните податоци.

**Прилози**:

1. Линк до Процедурата за право на пристап и исправка на личните податоци на субјектите на личните податоци, усвоена од УКИМ

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |

ИЗИИС редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на Институтот се корисни за потенцијалните и тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, електронски и социјални медиуми) на Институтот се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни.

ИЗИИС редовно ги објавува информациите поврзани со студиските програми и активностите во рамките на истите, кои се ажурирани и достапни за сите корисници. Дополнително, редовно се спроведуваат одредени активности поврзани со промоција на Институтот. Во истите учествуваат административниот и наставниот кадар. Во однос на присуството на социјалните медиуми формиран е тим кој одговорен за навремено и точно објавување на информациите на истите. Точноста на информации континуирано се обезбедува преку соработка на различни тела. Замениците на директорот и Директорот преку активна партиципација и непосредна соработка со раководителите на одделенијата раководителите на студиските програми и наменска работна група, водат грижа за присуството на Институтот во дигиталниот простор. Редовните промотивни настани кои се одржуваат неколку пати во текот на годината обезбедуваат простор за дополнителни дискусии и потенцијални комуникации во однос на целосниот образовен процес и потенцијалните вработувања.

ИЗИИС ги реализира следниве промотивни активности:

1. Промотивна кампања на социјални мрежи: Промотивната кампања на социјалните мрежи се одвива во текот на целата година. Притоа, во објавите се поставуваат постови преку кои се реализира претставување на Институтот и информации за претстојните уписи, како и постови во кои се преставува секоја студиска програма од втор и трет циклус на студии на ИЗИИС.
2. Организација и реализирање на промотивни настани „Отворени денови на УКИМ“ и „Ден на кариерен развој“
3. Во академската 2020/2021 година, согласно одлуката на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а заради протоколите кои се донесени за справување со Covid-19 пандемијата, настанот „Отворени денови на УКИМ” се одржа онлајн на 19 август 2021 година на која ИЗИИС се претстави преку јавно достапен линк на Microsoft Teams.
4. Во академската 2021/2022 година на 30 ноември 2021 година ИЗИИС активно учествуваше на Отворениот ден на УКИМ. Настанот се одржа онлајн преку платформата „ Microsoft Teams “. Во почетокот на јуни 2022 зема присуство на целодневниот настан „Ден на кариерен развој“. На овој настан идните постдипломци можеа да се запознаат со студиските програми кои ги нуди ИЗИИС. На 18 и 19 август 2022 година ИЗИИС им овозможи на идните постдипломци да се запознаат со активностите на Институтот. Во рамките на овој отворен ден, Центарот за кариера им овозможи на идните постдипломци да се запознаат со студиските програми и организираше и презентација на лабораториите кои ги користи институтот за научноистражувачки цели.
5. Во академската 2022/2023 година, на 19 август 2022 година Институтот учествуваше на промотивниот настан „Отворен ден” на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на кој од страна на претставници на Институтот беа презентирани студиските програми, активностите на студентите и Центарот за кариера, можностите за стипендирање, за вклученост на студентите во научноистражувачките проекти, за меѓународна размена, за студентскиот живот, за практикантството, за кариерните можности. Исто така, на 9 мај 2023 година ИЗИИС, заедно со другите Институти-единици на УКИМ, учествуваше на настанот „Ден на

кариерен развој" во организација на центарот за кариери при УКИМ, со цел промовирање на студиските програми од втор циклус на студии на заинтересираните студенти кои завршиле или се пред крај на студиите од прв циклус. Активностите на Центарот за кариера беа реализирани во рамките на проектот „ИЗИИС за Скопје" под мотото „градиме издржливост" кој имаше за цел обележувањето на 60 години од Скопскиот земјотрес. За таа цел беше реализирана промоција на Институтот како институција основана со мандат активно да учествува во обновата на градот и обезбеди постојан напредок во науката, образованието, истражувањето и унапредување на техничките прописи во областа. Беа организирани работилници за збогатување на знаењата, зајакнување на свеста и зголемување на подготвеноста на децата и младите во 8 основни и средни училишта. Беше поттикнат интересот за оваа тема и беше зголемена свеста за заштита од земјотреси кај младата генерација.

6. Во академската 2023/2024 на 12 април 2024 година Институтот остварил учество на два настани - „Отворен ден на УКИМ" и „Ден за кариерен развој", на кои на идните студенти им беа презентирани можностите за меѓународна размена, за студентскиот живот, за практиканството и кариерните можности. Двата настани беа организирани од Центарот за кариера на УКИМ.

Претставници од ИЗИИС исто така остваруваат чести и редовни присуства во медиумите (гостувања во ТВ емисии; споделување на информации, сознанија и препораки до јавноста преку печатени и електронски медиуми и информативни портали) заради информирање на јавноста во врска со дејностите на Институтот кои побудуваат интерес. Детали за бројот на присуства во ТВ емисии и споделување на информации преку медиумите, се прикажани во дополнителниот Прилог 8.1 (Преглед на објавени информации за дејноста на установата во медиумите). Детални информации и прегледи можат да се пронајдат на веб страната на ИЗИИС, како и на профилот на Институтот на социјалните мрежи.

**Прилози**:

1. Линк до секцијата за образование на веб страната на ИЗИИС со информации за стари студиски програми и новата студиска програма од втор циклус
2. Линк до секцијата за образование на веб страната на ИЗИИС со информации за стара студиска програма и новата студиска програма од трет циклус
3. Линк до Facebook профилот на ИЗИИС
4. Линк до LinkedIn профилот на ИЗИИС
5. Линк до Instagram профилот на ИЗИИС
6. Линк до соопштенијата за настаните „Отворен ден" на УКИМ
7. Линк до проектот „ИЗИИС за Скопје"
8. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2019 до 30/09/2020 година
9. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2020 до 30/09/2021 година
10. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2021 до 30/09/2022 година
11. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2022 до 30/09/2023 година
12. Линк до Прилог 8.1

| | |
|---|---|
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |

Институтот има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализира, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како

резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дилпмираните студенти како и документите предвидени од член 21 став 3 од ЗВО.

ИЗИИС ги има објавено сите релевантни информации за студиските програми, критериумите за упис, целите на учењето, квалификациите со кои се стекнуваат кандидатите, пристапот во однос на наставниот процес за втор и трет циклус на студии. За веродостојно презентирање и верификување активностите и заложбите на Институтот за информирање на јавноста, достапни се следниве информации:

- Информации за студиските програми кои ги реализира Институтот може да се најдат на веб страната на Институтот, во секцијата за образование, во делот втор циклус студии, каде се поставени информации за поранешните студиски програми и актуелната студиска програма од втор циклус, како и во делот трет циклус студии каде се поставени информации за поранешната и актуелната студиска програма од трет циклус;
- Критериуми за упис на втор циклус на студии може да се најдат на веб страната на Институтот, во секцијата за образование, во делот за втор циклус во сегментот „конкурирање и пријавување", каде се наведени сите детали во однос на уписите. Овозможен е линк до конкурсите, како и информации за школарината и можностите за стипендирање на студентите.
- Информациите за уписи на трет циклус на студии, вклучувајќи ги и сите детали во однос на уписите, како што се роковите и критериумите за упис, може да се најдат на најдат на веб станата на Институтот, во секцијата за образование, во делот за трет циклус на студии, каде се објавуваат активните конкурси за уписи на трет циклус на студии;

Цели на учењето за програмите од втор циклус на студии (поранешни и актуелна) може да се најдат на веб страната на Институтот, во секцијата за образование, во делот за втор циклус, во сегментите за акредитирани студиски програми, каде за актуелната студиската програма и поранешните студиски програми се претставени целите на учењето. За актуелната акредитирана студиска програма објавен е елаборатот за нејзина акредитација. Информации за целите на студиската програма од трет циклус студии може да се најде во секцијата за образование, во делот за трет циклус на студии, каде е објавен елаборатот за нејзина акредитација.

**Прилози**:

1. Линк до секцијата за образование на веб страната на ИЗИИС со информации за стари студиски програми и новата студиска програма од втор циклус
2. Линк до секцијата за образование на веб страната на ИЗИИС со информации за стара студиска програма и новата студиска програма од трет циклус
3. Линк до правните документи на ИЗИИС (Статут на ИЗИИС, Акт за систематизација, Правилник за плати и надоместоци, Завршна сметка, Етички кодекс, Решенија за акредитација на студиски програми и почеток со работа и други акти кои ги носи ИЗИИС согласно други закони)

| | |
|---|---|
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |

ИЗИИС редовно ги објавува закажаните одбрани на докторските дисертации, како и одбраната на магистерските трудови. Дополнително во рамките на Годишните извештаи на директорот за работата на ИЗИИС, во делот посветен на наставно-образовната дејност редовно се известува за реализираните активности во втор и трет циклус на студии, како и за одбраните на магистерските трудови и докторски дисертации, а исто така, во делот посветен на научно-истражувачка и стручно апликативна дејности се известува за сите реализирани научно-истражувачки активности и проекти. Во рамки на јубилејните монографски изданија на Институтот се објавуваат одбранетите магистерски и докторски трудови. Истовремено магистерските трудови и докторските дисертации се достапни во печатена форма во библиотеката на ИЗИИС и во елетронска форма на репозиториумот на УКИМ. Прифатените теми за изработка на докторски трудови се објавуваат во Билтенот на УКИМ. Дополнително, на веб страната на Институтот во секцијата за образование, поставен е преглед на одбранетите магистерски и докторски трудови во ИЗИИС. За магистерските трудови и докторските дисертации 7 дена пред закажувањето се прави објавата и на огласната табла на Институтот.

**Прилози**:

1. Линк до Монографија „55 години ИЗИИС"
2. Линк до веб страната на ИЗИИС каде се објавуваат јавните одбрани на магистерски и докторски трудови
3. Линк до библиотечниот фонд на ИЗИИС каде се попишани одбранетите магистерски и докторски трудови

4. Линк до преглед на магистрирани студенти (до 2020)
5. Линк до преглед на магистрирани студенти (2020-2024)
6. Линк до преглед на докторирани студенти (до 2020)
7. Линк до преглед на докторирани студенти (2020-2024)
8. Линк до Билтен на УКИМ каде се објавуваат прегледи на одобрени теми за изработка на докторски трудови на ИЗИИС
9. Линк до Репозиториум на УКИМ

## Стандард 9

<table>
<tr><th colspan="2">СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА</th></tr>
<tr><th>ИНДИКАТОР</th><th>ДОКУМЕНТАЦИЈА</th></tr>
<tr><td>9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.</td><td>Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).</td></tr>
<tr><td colspan="2">ИЗИИС има дефинирани и утврдени процедури за мобилност на студенти кои се објавени и достапни на неговата веб страна. Студентите на Институтот имаат можност да реализираат мобилност во рамки на потпишаните договори за меѓународна соработка на Институтот, како и во рамки на програмата Еразмус+. Конкурсите од програмата Еразмус+ редовно се објавуваат на веб страната на Институтот. Заменик директорот за меѓународна соработка и Координаторот за Еразмус+, во анализираниот период обезбедуваа логистичка поддршка и информации во однос на можностите за пријавување за добивање на стипендија за студентска мобилност.<br>Покрај едукацијата, студентите се информираат за реализација на меѓународна мобилност, учество на летни школи, обуки, работилници и слично. ИЗИИС зема активно учество и во другите компоненти на Еразмус+ програмата.<br>Двајца студенти на втор циклус учествуваа на мастер курсот кој се реализираше во рамките на ERASMUS+ Strategic Partnerships 2020 for “Digital Education” на курсот “PARFORCE: Partnership for virtual laboratories in civil engineering” со координатор „Bauhaus University“ од Вајмар, Германија. Секако, во идниот период има простор да се направат напори за зголемување на интересот за мобилност на студентите од втор циклус на студии на ИЗИИС.<br>Во однос на учеството на студентите од трет циклус на студии, во последните 5 академски години вкупно 20 студенти оствариле студентска мобилност. Детали за учество на студентите од втор и трет циклус на студии во мобилноста, се прикажани во Табела 9.1.А и 9.1.Б кои се дел од овој извештај.<br>Според Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 530 од 31 декември 2020 година, член 41, студентите остваруваат задолжителна меѓународна мобилност, под која се подразбира најмалку еднонеделен престој на студентот на универзитет или научна установа во странство во текот на докторските студии, што се потврдува со писмо, потврда или друг вид доказ за престој и реализирани активности, издадени од страна на домаќинот. За реализираната меѓународна мобилност се изготвува Извештај, подготвен од студентот и одобрен од менторот, кој се усвојува од Советот за докторските студии и е дел од досието на студентот.<br>Сите запишани докторанди во извештајниот период имаат ментори кои се дел од наставниот кадар на ИЗИИС или веќе пензиониран поранешен наставен кадар на ИЗИИС. Докторандите реализирале студентска мобилност во траење од една недела на до шест месеци.<br>Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена, односно за студентите од трет циклус на студии, според Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 530 од 31 декември 2020 година, член 41, алинеја 2, реализираната меѓународна мобилност се вреднува со соодветниот број ЕКТС-кредити и истите им се признаени на сите студенти кои доставиле барање за нивно признавање.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прилози:<br>1. Прилог Табела 9.1.А. - Број на студенти кои користеле мобилност на сите циклуси на студии - линк<br>2. Прилог Табела 9.1.Б. - Листа на студенти кои користеле мобилност, прикажани по студиски програми во последните пет години, за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција домаќин, студиска програма), вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+ - линк</td></tr>
<tr><td>9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во</td><td>Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| рамките на установата. | е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

Својата меѓународната активност во извештајниот период, Институтот ја реализира преку активно учество во проекти финансирани од Европската комисија (H2020, Horizon Europe, UCPM-DG ECHO, Tempus, Erasmus+, COST и други извори) склучување на договори за меѓународна соработка, покана на еминентни експерти и професори од странство, и обратно - предавања и презентации на наши професори и истражувачи на странски институции, учество на меѓународни научни собири, размена на студенти и наставен кадар. Еден од основните приоритети е преку размената на искуства и знаења на меѓународно ниво да се следат најновите трендови и достигнувања од областа на земјотресното инженерство и инженерска сеизмологија и нивна примена во сите дејности на Институтот. Повеќе членови на научниот кадар на Институтот имаа поканети и повикани предавања на меѓународни научни собири што оди во прилог за подигнување на препознатливоста на ИЗИИС на меѓународно ниво.

Во извештајниот период се потпишаа неколку меморандуми за соработка со странски универзитети и факултети:

- Соработка со Civil Engineering Department, Democritus University of Thrace (DUTh), Xanthi, Greece (две повикани предавања на професори од ИЗИИС во септември 2023 год.);
- Соработка со Azerbaijan University of Architecture and Construction in Baku, Earthquake Engineering Scientific Research Center Republic of Azerbaijan (повикано предавање на еден професор од ИЗИИС во Баку, 2023 год.);
- Соработка со Градежниот факултет, Универзитет во Подгорица, Црна Гора (мини конференција за претставување на активностите на ИЗИИС во 2023 год.);
- Соработка со Метрополитен Универзитетот во Тирана, во рамките на која е организиран тренинг курс од страна на наставниот кадар на ИЗИИС (12 наставници, 28 студенти, учество на курс, теренска настава во Тирана и посета на ИЗИИС лабораториите во период јуни-јули, 2024 год.);

Исто така се потпишаа (или се продолжи рокот на имплементација) на ЕРАСМУС + договорите со:

- Универзитетот во Бари, Италија (2023/2024 – 2028/2029)
- Универзитетот во Наполи, Италија (2022/2023-2028/2029)
- Универзитетот во Павиа, Италија (2021-2027)
- Универзитетот во Патрас, Грција (2023/2024 – 2028/2029)
- Универзитетот во Тракија, Грција (2023-2029)
- Универзитетот во Осијек, Хрватска (2023/2024 – 2028/2029)
- Универзитетот во Подгорица, Црна Гора (2022-2029)

Целта на реализираните ЕРАСМУС+ мобилности, како и бројот на наставниот кадар и студентите, е прикажан во Прилог 9.4.А

ИЗИИС е официјално примен во EEFIT (The Earthquake Engineering Field Investigation Team) како корпоративна членка со што се отворија можности за институционално учество на ИЗИИС во пост-земјотресни мисии во светот. Институтот се зачлени и во International association for the seismic performance of non-structural elements (SPONSE). Исто така, во 2020 година ИЗИИС е официјално примен во EFEHR (European Facilities for Earthquake Hazard and Risk) на 1st (2020) Annual General Assembly. Во 2023г. ИЗИИС стана член на STEM Alliance под покровителство на UNESCO Regional Bureau for Science and Culture in Europe, од Венеција.

Во текот на летниот период во 2023 и 2024 година се оствари соработка со CESI, Франција, во рамките на која повеќе студенти од Франција реализираа студиски престој во ИЗИИС. Студентите за време на својот студиски престој без вклучени и во конкретни истражувачки активности во одделите на Институтот.

**Прилози**:

1. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2019 до 30/09/2020 година
2. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2020 до 30/09/2021 година
3. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2021 до 30/09/2022 година
4. Линк до Извештај за работата на директорот на институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во период од 01/10/2022 до 30/09/2023 година

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

| локалната самоуправа итн. | |
|---|---|

Финансирањето на меѓународната соработка и интернационализација на Институтот доминантно се врши со средства обезбедени од сопствени приходи и во рамки на проекти финансирани од различни европски програми. Финансиските средства за меѓународна соработка и интернационализација на ИЗИИС се во непосредна врска со научноистражувачката дејност на Институтот и затоа овие средства се насочени кон тековните активности за реализација на овие проекти, набавување соодветна специјализирана техничка опрема за нивна реализација, организирање и учество на работни средби и работилници со странските партнери за потребите на проектите, како и за котизации за учества на меѓународни конференции. Институтот за дел од проектните активности кои ги реализира како координатор или како партнер, согласно правилниците на УКИМ, се финансира преку Универзитетот, односно администрирањето и распределувањето на финансиските средства за меѓународните научно-истражувачки проекти се врши централизирано преку Ректоратот на Универзитетот, исто како и кај останатите единки на УКИМ.
Детален приказ на искористени финансиски средства за меѓународна соработка се дадени во Прилог Табела 9.3, која е дел од овој извештај.

**Прилози**:

1. Листа на меѓународни проекти со наведен извор на финансирање - линк
2. Прилог Табела 9.3 - Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата, со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.) - линк

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Мобилноста на вработените и студентите на ИЗИИС се остварува во рамки на потпишаните Еразмус+ договори меѓу УКИМ и ЕУ универзитетите. На веб страната на УКИМ е објавена листата на важечки билатерални договори. Дополнително, за да овозможи мобилност на своите вработени и студенти, ИЗИИС постојано ја одржува и проширува својата Еразмус+ мрежа со склучување на нови Еразмус+ договори, како и на други договори за меѓународна соработка и мобилност.
Вработениот наставен кадар во ИЗИИС активно зема учество во реализирање на програмата на други универзитети во странство во својство на предавачи на одредени специфични области од струката, предавачи на одредени предмети на сродни факултети од странски универзитети, како и членство во комисии за оцена и одбрана на докторски дисертации.
Соработката со странски универзитети е реализирана со активности на наставниот кадар на ИЗИИС.
Во академската 2019/2020 еден од наставните кадри на ИЗИИС бил носител на предмети за прв, втор и трт циклус на California State University, Long Beach, САД и бил член на комисија за одбрана на магистерски труд во истоимената високообразовна институција. Исто така бил поканет да одржи предавање на Универзитетот во Манитоба, Канада.
Во академската 2020/2021остварена е соработка со Универзитетот во Љубљана, Градежен и Геодетски факултет UL FGG преку спроведување на програмата на екстерни изборни предмети кои докотоaccess на овие факултети ги слушале и полагале на ИЗИИС врз основа на потпишаниот Договор за академска соработка меѓу двете институции. Исто така наставни кадри на ИЗИИС биле поканети да одржат предавања на Bauhaus Summer School, Вајмар, Германија, во рамките на „Partnership for  virtual laboratories in civil engineering – PARFORCE, Master Course“;
Во академската 2021/2022 одржано е предавање на Еразмус+  проектот „Partnership for virtual laboratories in civil engineering – PARFORCE, Master Course“. Исто така член од наставниот кадар на ИЗИИС учествувал во комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација Градежниот факултет при Универзитетот во Љубљана.
Во академската 2022/2023 остварени се повеќе онлајн предавања во рамките на проектот “PARFORCE: Partnership for virtual laboratories in civil engineering”, ERASMUS+ Strategic Partnerships 2020 for “Digital Education”, во кој учествуваше голем дел од наставниот кадар на ИЗИИС.
Во академската 2023/2024 остварени се предавања  на Универзитетот Метрополитен во Тирана, Албанија во рамки на „Shake It Up“ курсот во кој учествуваше целиот наставен кадар на ИЗИИС.
Во анализираниот период ИЗИИС не реализирал заеднички програми со странски универзитети. Сепак Институтот прави континуирани напори и иницијативи за соработка со други институции во земјава и во странство, со цел на своите вработени и студенти да им отвори можности за вклучување во меѓународни активности и вмрежување.
Наставниот кадар на Институтот активно учествува во реализација на едукативни активности со институции во земјата

и во странство. Во текот на целиот извештаен период (со исклучок на периодот опфатен со Covid-19 пандемијата) кадри на ИЗИИС одржале предавања за подигнување на јавната свест од земјотресите и начини на заштита во училишта, во дипломатското претставништво на кралството Шведска во земјата, здравствени институции и др. ИЗИИС со целиот свој кадар учествува во повеќе проекти, курсеви и работилници во својство на учесник или координатор. Кадрите на ИЗИИС учествувале со свои трудови и презентации во меѓународни конференции за земјотресно инженерство и градежништво, вклучително и во две светски конференции во Јапонија (2020, онлајн) и Италија (2024), во една европска во Романија (2022), како и во сите конференции за земјотресно инженерство и сеизмологија кои се организирани од земјите во регионот (Албанија, Србија, Хрватска, С. Македонија...). Исто така ИЗИИС со својот кадар активно учествува во пост-земјотресни мисии во земјата (Битола, 2022) и во странство (Албанија, 2019) во соработка со локалните власти.

**Прилози**:

1. Листа на Еразмус+ договори - линк
2. Прилог Табела 9.4.А - Број на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка, наставници и студенти од странство - линк

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |

ИЗИИС активно спроведува активности за привлекување на студенти од странство. Исто така остварува контакти со наставен кадар од странски универзитети и научни установи.

Во извештајниот период на втор циклус на студии не се запишале студенти од странство, додека на трет циклус на студии запишани биле вкупно 2 студенти од странство – еден во академската 2021/2022 и еден во академската 2023/2024.

Во текот на летниот период во 2023 и 2024 година остварена е соработка со CESI, Франција, во рамките на која повеќе студенти од Франција реализираа студиски престој во ИЗИИС. Студентите за време на својот студиски престој без вклучени и во конкретни истражувачки активности во одделите на Институтот.

Во периодот од академската година 2019/2020 заклучно до крајот на академската година 2023/2024 наставна дејност оствариле значителен број на наставници од странски универзитети (САД, Италија, Хрватска, Канада, Косово и Швајцарија), воглавном во својство на членови на комисии за оцена на докторски дисертации, но и во својство на предавачи на наставни дисциплини од нивната потесна специјалност на покана од ИЗИИС.

**Прилози**:

1. Прилог Табела 9.4.А - Број на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка, наставници и студенти од странство - линк
2. Прилог Табела 9.4.Б - Листа на наставници од странство - линк

## 7. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| Во овој дел може да се доставаат дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| Не се доставуваат дополнителни информации. |

## Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, проф. д-р Игор Ѓорѓиев со ЕМБГ 0904975450178, одговорно лице во високообразовната установа Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, ИЗИИС изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, ИЗИИС за периодот 2023-2024 се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

Проф. д-р Игор Ѓорѓиев

________________________

(своерачен потпис)

Јас, НОТАР Весна Паунова
ул.Наум Охридски бр.2 Скопје

Потврдувам дека
Игор Ѓорѓиев, бул.Асном бр.106/4-17, Скопје, во мое присуство своерачно го потпиша писменото,
Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр.: М0170786 Издадена од МВР Скопје

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 50 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 100 денари.

Број УЗП 4630/2024

Во Скопје 15.10.2024

НОТАР

Весна Паунова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАР
ВЕСНА
ПАУНОВА
СКОПЈЕ